Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Филозофски Факултет - Скопје

Институт за социологија

Последипломски студии по Европска интеграција

**- Магистерски труд -**

**Тема: "Мерки и Протоколи за спречување на трговијата со луѓе во Република Македонија и земјите од ЕУ"**

**Ментор:**

**Проф. Д-р**

**Татјана Стојановска Иванова**

**Кандидат:**

**Емилија Стојанова**

**Скопје, Јануари, 2019 година**

## А П С Т Р А К Т

Трговијата со луѓе, исто така, позната како модерно ропство, доби значителен акцент во текот на последните децении. Глобализацијата и транснационалните миграциски трендови продолжија да ги засилуваат економските разлики и да ја зголемуваат ранливоста на угнетеното население. Жртвите на трговијата со луѓе се експлоатираат заради работа, услуги, секс и сл. Поголемиот дел од овие жртви сѐ од маргинализирани нехумани подрачја. Исто така, како што мажите и жените се жртви на трговијата со луѓе, така и децата се во центарот на вниманието. Поради тоа, неопходен е интередисциплинарниот пристап за ефикасна борба против трговијата со луѓе.

Како што се толкува од страна на Протоколите, трговијата со луѓе вклучува транспорт на луѓе за цели на трудова експлоатација и сексуална експлоатација. Трафикувањето претставува проблем во областа на миграцијата, криминалот, човековите права, работанaта сила и здравјето. Државите може да се соочат со проблемот како земји на потекло од кои доаѓаат имигрантите, земји на транзит преку кои поминуваат илегалните имигранти, и земји на дестинација каде имигрантите се селат. Трговијата со луѓе е мета на меѓународната деценија повеќе децении.

Протоколите и мерките имаат три главни цели: спречување и борба против трговијата со луѓе, заштита и помош на жртвите, како и унапредување на соработката помеѓу државите со цел за исполнување на целите. Европската Унија усвои рамковно решение за борба против трговијата со луѓе во јуни 2002 година. Целта е да се воспостават донесените дефиниции и казни во законодавствата на земјите - членки. Исто така, постојат и неколку програми на Европската унија кои придонесуваат за активности во насока на поддршка, помош и заштита на жртвите на трговијата со луѓе.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Трговија со луѓе, Протоколи, стратегии, мерки

**A B S T R A C T**

Human trafficking, also known as modern-day slavery, has received significant emphasis during the last decade. Globalization and transnational migration trends continue to amplify economic disparities and increase the vulnerability of oppressed populations to human trafficking. The three major types of human trafficking are labor trafficking, sex trafficking, and war slavery. Victims of human trafficking are exploited for their labor or services and are typically forced to work in inhumane conditions. The majority of these victims are from marginalized populations throughout the world. Although both men and women are victims of human trafficking, women and children are heavily targeted. Interdisciplinary and multi-level approaches are necessary to effectively combat human trafficking.

As understood by the Protocols, trafficking in human beings includes the illegal transport of people for the purposes of labor exploitation and sexual exploitation. The trafficking enterprise poses problems in the areas of migration, crime, human rights, labor, and health. States can face problems as countries of origin from which immigrants leave; countries of transit through which illegal immigrants pass; and destination countries, where the immigrants settle. Trafficking in human has been targeted by the international community for many decades.

The Protocols and measures have three main purposes: to prevent and combat trafficking, to protect and assist the victims, and to promote cooperation among states in meeting the objectives. The European Union adopted a framework decision on combating trafficking in human beings in June 2002. The aim is to establish commonly adopted definitions and penalties in the member states' legislation. There are also several European Union programs that contribute to actions aimed at supporting, assisting, and protecting victims of trafficking.

KEY WORDS: Human Trafficking, protocols, strategies, measures

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ........................................................ 7
I.ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ........................................................ 10
1.1.Поим и дефинирање на трговијата со луѓе ........................................................ 10
1.2.Краток преглед на историјата на ропството и трговијата со луѓе ........................................................ 13
1.3.Процес на трговијата со луѓе ........................................................ 15
1.3.1.Фаза на регрутација ........................................................ 16
1.3.2.Фаза на пренесување (транспорт) на жртвата ........................................................ 17
1.3.3.Фаза на експлоатација ........................................................ 19
1.4.Причини и последици на трговијата со луѓе ........................................................ 20
1.4.1.Причини за трговијата со луѓе ........................................................ 20
II.МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................................ 28
2.1.Предмет на истражување ........................................................ 28
2.2.Цел на истражувањето ........................................................ 30
2.3.Главна хипотеза: ........................................................ 30
2.4.Методи и техники ........................................................ 31
2.5.Операционализација на поими ........................................................ 31
III.МЕРКИ И СТРАТЕГИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НИЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ........................................................ 33
3.1.Трговијата со луѓе низ меѓународните документи ........................................................ 33
3.1.1.Конвенција против транснационалниот организиран криминал и Протокол за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца (Протоколот од Палермо) ........................................................ 36
3.1.2.Конвенција на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе ........................................................ 40
3.1.3.Рамковна одлука на Советот на Европа за превенција и борба против трговија со луѓе со која надвор од сила се става Рамковната одлука 2002/629/ЈНА ........................................................ 44

3.1.4.Директива на Европската унија за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите на трговијата (Директива 2011/36/ЕУ) ..... 45

3.1.5.Конвенција за сузбивање на трговијата со луѓе и експлоатација и проституција на други ..... 47

3.1.6.Препорака на Советот на Европа за трговија со жени и присилна проституција 48

3.2.Новитети од областа на трговијата со луѓе на ниво на Европската унија ..... 48

IV.КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЕУ ..... 50

4.1.Компаративна анализа на стратегиите за борба против трговијата со луѓе во земјите од ЕУ ..... 50

4.1.1.Хрватска ..... 50

4.1.2.Бугарија ..... 52

4.1.3.Грција ..... 55

4.1.4.Италија ..... 56

4.1.5.Унгарија ..... 56

4.1.6.Холандија ..... 57

4.1.7.Германија ..... 59

V.СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 60

5.1.Правна регулираност на трговијата со луѓе во македонското законодавство ..... 60

5.2.Основни субјекти за спречување на трговијата со луѓе во македонското законодавство ..... 63

5.3.Трендови на трговијата со луѓе во Република Македонија ..... 66

5.4.Препораки за развој на стратегијата за борба против трговијата со луѓе во Република Македонија ..... 70

5.4.1.Истражување и собирање податоци за трговијата со луѓе заради целите на превенција ..... 71

5.5.Субјекти кои од социолошки аспект би придонеле за сузбивање на трговијата со луѓе ..... 75

5.5.1.Медиумите ........ 75
5.5.2.Образовните институции и нивната превентивна улога ........ 76
5.5.3.Родителите и нивната превентивна улога ........ 78
5.5.4.Невладините организации ........ 79
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ........ 81
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 84

# ВОВЕД

Општествено - економските промени кои се поврзани со глобализацијата и неолибералниот капитализам, нестабилноста на социјалниот статус и сеопштата несигурност, постојат во сите современи земји и општества во светот. Времето во кое денес живееме е време на промени, прогрес и експанзија на научно - технолошките достигнувања.

Како последица од тоа, современите општества се соочуваат со рецесија, пораст на невработеноста и сиромаштијата, како и со експанзија на ирегуларните и илегалните пазари и инкорпорирањето на неформалните облици на функционирање. Сето тоа доведе до појава на „епидемијата“ наречена трговија со луѓе, а особено нејзините основни облици – трговија со жени, мажи и деца, особено заради сексуална експлоатација и експлоатација на трудот.

Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, мултидимензионален, социјален и криминален проблем, со кој се повредуваат основните човекови слободи и права, загарантирани во секое демократско општество. Трговијата со луѓе не е производ на XXI век, таа била присутна уште во раните историски периоди од развојот на човештвото. Овој феномен постои во текот на целиот општествен развој, но ја менувал својата форма прилагодувајќи сè на економските и социјалните промени.

Како форма на организиран криминал, трговијата со луѓе, ги нарушува уставните и законските начела и стандарди на сите современи и демократски општества. За трговијата со луѓе говорат податоците во периодот од крајот на XIX век и почетокот на XX век, кога организирани криминални групи од Азија ги пренесувале жените во Кина и Америка, но исто така, ги пренесувале и жените од Источна Европа во земјите од Јужна Америка. Таа пракса била позната како „бело робје“. На овој начин, регионот на Југоисточна Европа станал подрачје на дестинација и транзит, а во последно време сè повеќе е и регион на потекло на жртвите на трговија со луѓе.

Прашањето за трговијата со луѓе доби зголемено внимание во релација со трговијата со жени, кој претставува феномен поврзан со трговијата со бело робје. Имено, според некои аналитичари, сеништето на сексуалната експлоатација на жените повторно се појави кон крајот на XX век, во индустријализирана форма. На кратко, трговијата со

„бело робје“ се претвори во современ вид на трговија со жени. Трговијата со жени, исто така, започна да се смета и за агресивна форма на проституцијата, односно криминална активност која директно се надоврзува на проституцијата како социопаталошка појава.

Проблематиката со трговија со луѓе, особено засегајќи ја сексуалната експлоатација, генерално се третираше како изолирана појава, надвор од својата тесна поврзаност со структуралните проблематики како што се сиромаштијата, се подлабокиот јаз помеѓу богатите и сиромашните, невработеноста, општествената исклученост, како и дискриминацијата кон жените и останатите облици на насилства над девојките и жените во ваквите општества. Меѓутоа, денес, акцентот се повеќе се става на причините и факторите кои доведуваат до појавата на трговија со луѓе, но и на изнаоѓањето соодветни мерки, пристапи и методи со цел за спречување, сузбивање и превенција на мрежата на трговијата со луѓе.

Имено, во литературата како најчести причини кои доведуваат до трговија со луѓе се наведуваат: лошо поставените општествени уредувања и сивата економија, глобализацијата и урбанизацијата, проблемите со малцинствата, емиграционите процеси, невработеноста, сиромаштијата, милитаризмот, војните, колапсот на социјалните мрежи, како и патријархалната структура на основа на родовата дискриминација и насилството врз жените во повеќето култури. Сите овие фактори се погодна почва за развојот и порастот на трговијата со луѓе во земјите на Европската унија, но и во нашата земја. Како последица на сето тоа се појави потребата од усвојување на конкретни мерки и политики кои треба да дадат соодветни резултати во однос на борбата со трговијата со луѓе насекаде низ светот.

Во услови на еден ваков развиен процес на глобална миграција и развиена глобализација, потребно е да бидат усвоени конкретни мерки, стратегии и политики кои ќе придонесат за борбата против трговијата со луѓе. Анализирајќи го ваквиот проблем се наметна потребата од донесување на многубројни меѓународно - правни акти (препораки, резолуции, рамковни одлуки, конвенции и други слични мерки). Имено, согледувајќи ги огромните негативни импликации од овој вид криминал врз човековите права, меѓународната заедница, со цел да му се спротивстави на овој феномен, поттикна усвојување на бројни документи и преземање други мерки и активности.

Во оваа област залагањата на Европската унија се од огромно значење. Во рамките на Европската унија, главната цел на прописите и актите кои се однесуваат на трговијата со луѓе е поттикнување на свеста кај општата популација, криминализација на трговијата со луѓе и воспоставување на мерки за нејзино спречување, сузбивање и превенција. Токму поради значењето на оваа проблематика, во магистерскиот труд е дадена социолошка анализа на документи и стратегии кои се применуваат во земјите од Европската унија, со цел да се согледа нивната имплементација во државите - членки на Европската унија, но и нивната имплементација во Република Македонија, како и да се согледаат предизвиците од трговијата со луѓе во нашата држава и да се одговори на предизвикот кои мерки се најпогодни за спречување, сузбивање и превенција на трговијата со луѓе, а особено за спречување на трговијата со жени.

# I.ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

## 1.1.Поим и дефинирање на трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе претставува високо профитабилен организиран криминал кој ги обединува сите облици на физичко, психолошко, интелектуално, материјално искористување и етичко насилство, а функционира поради спремноста на жртвата да ја прифати понудата со цел да го подобри својот материјален статус. Со трговијата со луѓе се загрозени основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот и законите на Република Македонија.

Во оваа смила, трговијата со луѓе содржи три елементи, односно три директни индикатори кои се неопходен елемент за идентификација на жртвата на трговија со луѓе (Oatway, 2011: 33):

- *активности* (регрутирање, врбување, превезување, пренесување, прифаќање, засолнување, купување/продавање на жртвите на трговија со луѓе);
- *средства* (закана по личниот живот и животот на семејство, принуда, грабнување, лага, измама (делумна или целосна), залажување, употреба на сила, злоупотреба на позиција, давање или примање на пари, состојбата на бременост, немоќ/ранливост, физичка или ментална неспособност);
- *за цели на експлоатација* (сите форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, практики слични на ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување, питачење, вршење на ситен криминал и недозволено пресадување делови од човековото тело).

Неопходно е да се напомени дека, трговијата со луѓе претставува појава за која меѓународната заедница сè уште не е во можност да даде заеднички прифатлива дефиниција. Во таа насока, во однос на дефинирањето на овој термин, се поставува

предизвик за формирањето на дефиниција која во целост ќе ја опфати оваа појава. Генерално, трговијата со луѓе опфаќа незаконско, прикриено движење на луѓето преку националните граници, без разлика дали тоа е под закана или со согласност, без разлика на полот на лицата или на причината поради која се случува движењето. (Станојоска, 2011: 196)

Сепак, поимното дефинирање на појавата трговија со луѓе го следи трендот на сопственото збогатување. Паралелно со развивањето на начините на остварувањето на трговијата со луѓе и целите поради кои истата се извршува, се доаѓа и до продлабочување на теоретизирањето за тоа што претставува појавата, нејзините карактеристики и причинителите. Се продлабочуваат и изменуваат и постојните дефиниции и законски дескрипции. Она што претставувала терминологијата „трговија со луѓе“ во меѓународните договори и конвенции во раните години на XX век, денес, дополнително е доразвиено во посебен меѓународно правен режим. При формирање на дефиниција за оваа појава, неминовно е за појдовна основа да бидат земени меѓународните акти, кои дополнувајќи ја постојано содржината на овој поим, согласно новите сознанија за неа, ги одредуваат основните нејзини елементи. Од нив се гледа дека при дефинирањето, секогаш се тргнува од поимот ропство, кој по својата содржина е поширок и во себе ја инкорпорира трговијата со луѓе. (Иванова, 2011: 10) Пред сѐ, трговијата со луѓе претставува сериозно кршење на основните човечки права и слободи, особено правото да не се биде во ропски однос или ропска потчинетост, право на слобода и безбедност на личноста, забрана на суровиот и нехуман третман и слобода на движење (Данаилов, 2001: 1).

Исто така, под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационалниот организиран криминал кој се состои од противправно остварување на економска или друг вид корист од продажбата на мигрантите, која се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредниците, како и разните видови на нивна експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост. (Сулејманов, 2007: 147)

Терминот *„тргување“ - trafficking*, е вид на искористување на луѓето и претставува најгруб вид на ограничување на човековите слободи. Всушност, тргувањето е термин кој опфаќа систем составен од човечки суштества држани под контрола заради профит. (Bassiouni, 2010: 8)

Меѓутоа, со „Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца“ (Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children: http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/ProtocolTraffickingInPersons.aspx) од 2000 година (Палермо, Италија), за прв пат е постигната заедничка, универзално прифатлива дефиниција. Имено, во истоимениот Протокол, трговијата со луѓе е разгледувана како современа форма на ропство која вклучува многу активности, како регрутирање, транспорт, трансфер, засолнување и прием на лица, притоа користејќи сè со мноштво средства на принуда како закана, употреба на сила, киднапирање, измама, залажување, употреба на моќ или состојба на немоќ и сл., заради разнолики намени (проституција, сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство, слугување, вадење на органи и сл.). Во овој контекст, според член 3 од наведениот Протокол трговијата со луѓе се дефинира на следниот начин:

“Трговијата со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прием на лица, по пат на закана или со употреба на сила или други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување, злоупотреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнувања на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација. Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум ја опфаќа експлоатацијата на проституцијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропство, угнетување или отстранување на органи”.

Меѓународната организација за миграции, пак, „трговијата со луѓе“ ја дефинира како „регрутирање, киднапирање или друг начин на грабнување на лицето со цел да се пренесе преку меѓународните граници, каде за време на тој процес трговецот добива економски или друг профит со помош на измама или други форми на експлоатација под услови кои ги кршат основните човекови права“. (Андева: 15)

Според наше мислење, сепак, сеопфатна дефиниција дава Мијалковиќ (2005), според кој „трговијата со луѓе претставува сложена појава која подразбира загрозување на безбедноста заснована на институцијата ропство и експлоатација, односно, постапување спрема човекот како да е роб или предмет, со цел експлоатација на неговата работна сила,

знаење и вештини, телесен и полов интегритет и идентитет заради задоволување на лични или туѓи нагони, здравствени или емоционални потреби или стекнување на директна или индиректна материјална корист за себе или за друг, при што се загрозува безбедноста на државата на надворешно - политички план, на планот на внатрешната стабилност, општеството во доменот на јавната безбедност и поединецот во доменот на кршење на човековите права“ (Mijalković, 2005).

Денес, трговијата со луѓе најчесто се поистоветува со терминот *„модерна форма на ропство“,* односно *„модерно ропство“.*

**1.2.Краток преглед на историјата на ропството и трговијата со луѓе**

Кога зборуваме за трговијата со луѓе, со сигурност би можеле да зборуваме за различни форми на ропство во различни временски периоди, а сето таа поради фактот што и самиот феномен го следи развојот на човековата цивилизација. Всушност, трговијата со луѓе и експлоатацијата постојат илјадници години. Во стариот и средниот век трговијата со луѓе се јавува во форма на поробување на жените во војни и таквиот плен од завојувачките походи бил на услуга на војските и војниците, но исто така, биле терани во ропство заради продавање на јавните куќи кои биле под раководство на државата (Арнаудовски, Стојановски, 2002: 85).

Од средниот век па до денес, во Стара Грција и Рим луѓето биле предмет на различни форми на физичко и сексуално ропство. (Timeline of Human Trafficking, http://www.eden.rutgers.edu/~yongpatr/425/final/timeline.htm) Имено, во Стариот Рим, робовите биле третирани како приватна сопственост и биле користени како слуги, чувари, готвачи, секс - партнери или проститутки, но и како работници во најразлични дејности. Кон крајот на Римската Империја, како резултат на влијанието на христијанството, многу од робовите биле ослободени. Ваквиот чин продолжил во Византија каде робовите биле во сопственост на своите господари, кои го имале правото на живот и смрт врз робот и сè што му се случувало на робот било одлука на господарот. Ропството покрај тоа што претставувало практика за Европските земјите, било практика и за исламскиот свет чии

земји биле меѓу првите кои ги тргувале робовите од Африка, во периодот на Отоманската Империја. Иако трговијата со робовите постоела во текот на целиот среден век, сепак, најголемата експанзија се достигнала во текот на XV век. Шпанија била првата европска земја која дозволила трговија со робови, а брзо потоа тоа го сториле и Португалија, Холандија, Франција и Велика Британија. Во 1962 година, кралот на Англија со документ на една Кралска африканска компанија дозволил продавање на робови, така што ропството станало легална и посакувана гранка на трговијата. (Roth, 2010: 17)

Меѓутоа, почетокот на крајот на ропството би требало да се бара во идеите на Француската револуција, каде за првпат се појавила идејата дека сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви. (Станојоска, 2011: 198) Но трговијата со луѓе и покрај ваквите обиди постои и денес, во XXI век, како облик на ропство, и поради тоа често се нарекува „модерно ропство“. Многумина веруваат дека живееме во свет во кој ропството не постои и дека завршило во периодот помеѓу 1793 година и 1888 година, колку што и траела борбата за забрана на трговијата со робови во Африка и Америка. Меѓутоа, тоа не точно. И денес многу луѓе живеат во услови слични на ропство, трпејќи најстрашни облици на експлоатација.

Во човековото општество, ропството е присутно со векови и го познаваме уште од стариот Египет и Римското царство. Подоцна го достигнал својот најголем подем во Африка, каде робовите биле пренесувани преку океанот, што претставува најголема позната принудна миграција во светот. Робовите биле приморани да работат на плантажите и во работилниците. Иако ропството било de jure забрането, а робовите ослободени во текот на XIX век, сепак не е во целост искоренето. (Drescher, 2011: 131-148)

Во оваа насока, меѓународните организации во текот на XX век усвоија голем број на конвенции кои ја засегаат трговијата со луѓе. Освен тоа, една од најпознатите меѓународни документи, Универзалната декларација за човекови права од 1948 година (The Universal Declaration of Human Rights, http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/), во членот 4 го забранува ропството и трговијата со робови: *„Никој не смее да биде држан во ропство или потчинетост: ропството и трговијата со робови во сите форми се забранети“*. Но и покрај тоа, трговијата со луѓе постои и денес како модерно ропство.

Како проблем за трговијата со луѓе за првпат започнало да се дискутира во XIX век, кога белите робови започнале да се појавуваат како жртви. Меѓутоа, изразот „трговија со бело робје“ не може да се употребува како синоним за трговија со луѓе, бидејќи овој проблем ги опфаќа сите луѓе, без разлика на нивната раса, етничко или национално потекло. (Janie, 2006: 137-163)

Како што може да забележиме од историскиот преглед за ропството, всушност, ропството и трговијата со робови и претходеле на трговијата со луѓе, а она што се случува денес е нивната современа форма. Сузбивањето на ропството без разлика дали е во класична или современа и модерна форма на ропство претставува најдолга и најмакотрпна цел на меѓународната заедница. Поради тоа, и се вели дека станува збор за феномен стар колку и човечката цивилизација, а единствено низ историјата се појавува во различни форми и обем.

## 1.3.Процес на трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе никогаш не мирува, трговците постојано го менуваат својот модел на извршување. Основната структура е стабилна и организацијата кај трговијата со луѓе, односно процесот на трговија со луѓе се состои од следниве фази (Отворена Порта: http://www.lastrada.org.mk/index.php/welcome_mk/procesotna):

- ✓ Фаза на регрутација – *регрутациона фаза* (регрутирање на жртвите во местото на потекло (контакт на жртвата и трговецот);
- ✓ Фаза на пренесување на жртвата – *транспортна фаза* (транспорт на жртвите до местото на дестинација);
- ✓ Фаза на експлоатација – *експлоатациона фаза* (експлоатација која вклучува прифаќање, контрола и експлоатација на жртвите до местото на дестинација).

### 1.3.1.Фаза на регрутација

Првата фаза е *фазата на регрутација или фаза на потекло*, која се состои од организирање на криминални групи и формирање на специјални подгрупи, создавање на криминален план и обележување на фактичката состојба, избор на потенцијални жртви и пристап кон жртвата - регрутирање (Милошевска, Смоковска, 2011: 18). Всушност, трговците со луѓе прибегнуваат кон планирање и подготвителни активности, или осмислување на најдобри начини за регрутирање на жртвите. Со оглед на тоа дека трговијата со луѓе е многу комплексна криминална активност, таа бара ангажирање на значителен број поединци со поделени задачи. Ова значи дека организираните криминални групи имаат добро развиени механизми кои ја олеснуваат нивната работа. (Radović, Teofilović, Janković)

Имено, злоупотребувајќи ја невиноста и наивноста на младите луѓе кои сакаат да ја подобрат својата иднина, да имаат авантуристички и возбудлив живот, да посетат нови места и да запознаат нови култури, трговците секојдневно регрутираат нови лица. Најопасно кај трговијата со луѓе е тоа што во синџирот на овој процес често оваа фаза се врши со помош на лице кое е во тесна врска со жртвата (сосед, пријател, роднина, партнер/партнерка) (Volpicelli, 2004: 9). Поради тоа, регрутирањето во трговијата со луѓе се врши преку користење на различни *креативни и променливи методи* како: лажни привлечни понуди за работа, лажни аранжмани за патување, склучување на лажни бракови, па сè до продавање на жртвата од страна на родители/старатели, пријатели, познаници или непознати лица. Карактеристично за сите облици на регрутирање на потенцијалната жртва е употребата на сила. Оваа фаза всушност претставува фаза на врбување и најчесто трговецот (лицето кое регрутира, посредува, продава, превезува, оној кој врши експлоатација) ја злоупотребува довербата на жртвата и нејзината желба за подобар живот. Оваа фаза ја извршуваат лицата задолжени за врбување на потенцијалните жртви (регрутери). Тие се првата алка во организираниот синџир на трговијата со луѓе, првиот контакт со потенцијалната жртва. (Lalić, 2007: 24-25)

Всушност, фазата на регрутација/(вовлекување) во трговијата со луѓе опфаќа користење на наивноста на младите кои сакаат да ја подобрат својата иднина или иднината на семејствата, и се врши често и преку познати за нив лица, со различни

методи, како лажни понуди за работа, лажни аранжмани за патување, образование, склучување на лажни бракови и сл.

Регрутирањето може да се врши на четири начини (Лабовиќ, Николовски, 2010: 427):

- *регрутирање со делумно заведување* (жртвите се свесни дека треба да бидат вработени во дадени активности, но не знаат како и под кои услови),
- *регрутирање со целосно заведување* (жртвите се заведени со ветувања за вработување и финансиска добивка и се целосно измамени за вистинските намери на трговците т.е. за вистинската природа на работните можности),
- *присилно регрутирање* (се подразбира снабдување со лица за да се задоволи побарувачката, при што жртвите се земаат на сила и немаат елемент на избор, ниту пак им се даваат предлози од оние што ги регрутираат) и
- *должничко врзување* (трговците, искористувајќи ја слабата финансиска положба на жртвите, им позајмуваат на истите одредена сума на пари, со договор подоцна жртвите да го вратат заемот по вработувањето, а потоа на тој заем се додаваат најразлични даноци и такси).

### 1.3.2.Фаза на пренесување (транспорт) на жртвата

Следната алка во процесот на трговија со луѓе е *фаза на пренесување на жртвите* од еден град во друг или од една држава во друга, односно до местото на експлоатација. Поради тоа и се нарекува *транспортна фаза*. Оваа фаза на транзит (транспортирање) се состои од планирање на транспорт и логистичка поддршка, транспортирање на жртвите и премин на државната граница (Милошевска, Смоковска, 2011: 18). Во вака поставената фаза, транспортот до местото на експлоатација зазема централно место во целиот синџир на трговијата со луѓе. Превезувањето на жртвата се врши повеќе преку меѓународните граници отколку во националните граници. Имено, транспортот подразбира превоз на жртвата на територијата на една земја или преку меѓународните граници, а во насока на

конечната дестинација.  Најчесто причина за тоа е што пренесувањето на жртвите од местото на потекло во друго место им овозможува на трговците оттргнување на жртвата од нивната основна средина и познато опкружување и придонесува за поголема контрола врз нив. (Lalić, 2007: 26-28) Често пати трговците на луѓе имаат корумпирано и подмитено некој од луѓето кои работат на границата, за да можат полесно да го овозможат транспортот на жртвата од една држава во друга.

Жртвите на трговијата со луѓе се превезуваат по копно, воздух и вода и често се користат и фалсификувани идентификациине исправи, но и понекогаш границата се преминува илегално, надвор од дозволените гранични премини. Но тука мора да се напомени дека не секогаш транспортот подразбира премин преку државните граници, бидејќи трговијата со луѓе може да биде и од интерен карактер. Така, жртвите може да се транспортираат и пренесуваат од еден град во друг, од еден локал или бродел во друг, од куќа во куќа, а во границите на една земја. Понатаму, по доаѓањето на жртвата во земјата на дестинација најчеста пракса е да се менува местото на престој, односно местото каде жртвата се експлоатира, а се со цел да и се оневозможи на жртвата да побара помош и да се избегне откривањето од страна на органите за спроведување на законот. Исто така, оваа фаза се состои од фази на сигурно движење. Имено, првата подфаза е фазата на детално планирање на активностите, а наредната подфаза е обезбедување на поддршка на жртвата, особено финансиска, и последната, третата подфаза, е обезбедување на логистичка поддршка која е неопходна за извршување на планираните активности, како што се превозните средства, средствата за комуникација и сл. По деталното планирање и обезбедување на логистичка поддршка следи физички транспорт од местото на престој до местото на експлоатација. (Lalić, 2007: 26-28)

Всушност, фазата на пренесување/транспорт на жртвата од еден регион во друг или од една држава во друга им овозможува на трговците оттргнување на жртвите од средината и поголема контрола врз нив. Подразбира и засолнување и прифаќање на жртвата (одземање на пасош) и транспорт преку граница/регион.

Меѓународната организација за миграција (ИОМ) идентификува три типа на организирани криминални групи на трговија со луѓе, и тие се (Bertone, 2000: 6):

1) *големи групи* кои имаат меѓународни политички и економски контакти во земјите на потекло и дестинација,

2) *средни групи* кои се специјализирани за трговија жени од одредена земја, и

3) *мали групи*, кои истовремено транспортираат една или две жени.

### 1.3.3.Фаза на експлоатација

Сите претходно преземени дејствија од страна на трговците водат кон последната алка во процесот и имаат една единствена цел, а тоа е експлоатација. *Фазата на дестинација* (*експлоатација*) се состои од прифаќање на жртвата, нејзина контрола и одржување во покорност, како и нејзина експлоатација (Милошевска, Смоковска, 2011: 18).

Имено, по доаѓањето на жртвата во земјата на дестинација се создаваат услови за нејзина експлоатација. Експлоатацијата најчесто започнува да се извршува во местото на дестинација и овозможува остварување на најголемиот мотив на трговците - стекнување на економски профит. Целта на трговците е остварување на профит преку експлоатација на други лица којашто може да се извршува на различни начини: сексуална експлоатација, трудова експлоатација, принудно питачење, принуда за извршување кривични дела, илегално посвојување, принудни бракови, трговија со органи или некој друг облик. Накратко, експлоатацијата, всушност, подразбира начини на кои жртвата се искористува заради постигнување на крајната цел – остварување профит за трговецот. Во зависност од тоа дали станува збор за сексуална експлоатација, принуден труд, просење, или некој друг облик на трговија со луѓе, жртвата се среќава со различен облик на насилство и измачување со цел да над неа се воспостави и обезбеди нејзина целосна контрола.

Оваа фаза може да се набљудува со оглед на (Lalić, 2007: 28-32):

- Методите на употреба на сила и средствата за контрола на жртвата (се состои од примена на физичко насилство кое вклучува тортура и силување),

- Облиците на криминална експлоатација (за потребите на сексуалната експлоатација, ропство или пракси слични на ропство, присилен труд или одземање на човечки органи),
- Субјектите на експлоатацијата (може да се експлоатираат жени, мажи и деца во зависност од видот на експлоатацијата).

Исто така, важно е да се напомени дека трговците најчесто им ги одземаат документите на жртвите, наводно за чување или добивање работна дозвола и сл. Така, жртвата го губи својот правен идентитет. И за многу жртви ова претставува прво заминување од нивната татковина, па најчесто земјата на дестинација е земја на која жртвата не и ги познава јазикот и културата и нечесто не знае ни каде се наоѓа. Понекогаш се плаши од институциите, пред сè од полицијата и не сака да побара помош. Покрај тоа, трговците наоѓаат начин да ги уверат дека не им е потребна помош од полицијата со изговор дека полицијата е корумпирана.

Всушност, фазата на експлоатација, е последна алка во процесот што е единствената цел на трговците за остварување на профит на различни начини - преку сите видови на експлоатација.

## 1.4.Причини и последици на трговијата со луѓе

### 1.4.1.Причини за трговијата со луѓе

Кон крајот на деведесеттите години трговијата со луѓе бележи голем подем. Сите процеси кои се случуваа во земјите од источниот блок како и во земјите од поранешна Југославија, предизвикаа зголемено движење на населението во потрага по подобар живот и излез од сиромаштијата во која наеднаш се најдоа голем број на граѓани од овие земји. Сето ова создаде поволно тло за појава на трговијата со луѓе која не ја заобиколи ниту Република Македонија.

Проучувањето на структурната анализа на факторите односно причините за трговијата со луѓе ни помага во соочувањето на причините за ранливоста на жртвите кои водат до трафикување, како и до заклучок дека тие не се единствените кои делуваат врз овој феномен. Исто така, процесот на трговијата со луѓе е конекција помеѓу сите фактори која ни овозможува да го разбереме модерното ропство. (Stanojoska, Petrevski, 2012: 2)

Постојат голем број причини за појава на трговијата со луѓе. Најчесто, тие се одредени од бројни политички, економски, социјални и културни фактори. Трговијата со луѓе функционира на принципот понуда и побарувачка. Од една страна, во земјите на потекло постојат *фактори на поттурнување* (невработеноста, сиромаштијата, социјалната исклученост, состојбите на воени конфликти и угнетување, недостатокот на политичката, социјалната и економската стабилност, семејното насилство, половата дискриминација, недостаток на пристап до образование и информации, итн.) коишто влијаат врз луѓето да мигрираат во некој друг град или држава во потрага по подобар живот или, едноставно, во борба за подобар опстанок. Од друга страна, во развиените и богати земји, односно земјите на дестинација, пак, постои голема побарувачка за евтини производи, евтина работна сила и евтини услуги (*фактори на повлекување*). (Дракуловски, 2015: 15)

Сите овие причини придонесуваат до зголемување на (желбата за) миграцијата, меѓутоа, во услови на ограничени можности за легална миграција поради бројните репресивни политики, луѓето користат разни канали за криумчарење и посредници, изложувајќи се на измама, насилство, злоупотреба и експлоатација. Воедно, постојат и таканаречени „универзални фактори“ коишто, исто така, имаат свој удел во развојот на трговијата со луѓе. Како универзални фактори се наведуваат: отсуството на информации за трговијата со луѓе како и вистинити информации за можностите во странство, корупцијата на владините претставници во земјите на потекло, транзит и дестинација кои се одговорни за борба против трговија со луѓе, непостоењето на инкриминација на трговијата со луѓе во одредени земји, или, пак, несоодветната казнена политика за сторителите, строгите визни и имиграциони режими, како и несоодветните капацитети на лицата коишто се задолжени да го спроведуваат законот и да ги контролираат границите. Сето овие универзални фактори доведуваат до олеснување на дејствувањето на трговијата

со луѓе и зголемување на ранливоста кај населението. (Отворена Порта: http://www.lastrada.org.mk/index.php/welcome_mk/priciniiposledici)

Како што може да забележиме, трговијата со луѓе како високо профитабилен организиран криминал се заснова на принципот на понуда, побарувачка/овозможување, опфаќајќи фактори „поттурнување и повлекување” во земјите на потекло и дестинација или во различните региони во рамките на една држава. Преку експлоатирање на претходните два фактори криминалните групи остваруваат профит. (Bošović, 2003: 152-153)

Во оваа насока, теоријата за факторите на поттурнување и факторите на повлекување прави синтеза на условите кои постојат во двата „света“ – на сиромашните и на богатите. Сè вели: факторите на повлекување и поттурнување се две лица на иста паричка, покажувајќи како условите за живот, човековите права, општеството и другите делови од мозаикот може да влијаат заеднички. (Stanojoska, Petrevski, 2012: 1)

#### 1.4.1.1.Фактори на поттурнување

Со *факторите на „поттурнување“* се објаснуваат факторите кои влијаат на трговијата со луѓе во пронаоѓањето на лица/жртви. Тие ги одредуваат околностите според кои жртвите се одлучуваат да тргнат во потрага по подобри услови и да прифатат одредена понуда или не. Факторите на поттурнување се движат од етничките конфликти и уништувањето на природата, желбата за материјално преживување или подобрување на економската состојба до бегство од истакната родова нееднаквост, семејните проблеми, насилството во семејството, сексуалното насилство и скитништвото. (Kelly, 2002: 4)

Тука спаѓаат социо - економските причини за појава на трговијата (Vukadin, Jelenić, 2003: 665-718):

- Сиромаштијата во земјите/регионите на потекло и подобар живот во земјите/регионите на дестинација,
- Недостатокот на образование и потребната информираност,

- Економската транзиција во земјите / регионите на потекло,
- Недостатокот на вработувања,
- Неинформираноста за трговија со луѓе,
- Родовата дискриминација на трудовиот пазар,
- Сите форми на насилства, особено семејното насилство како форма на повреда на правата на жените,
- Дисфункционални семејства – родителската запоставеност,
- Граѓанските или воените конфликти,
- Присуството на странски сили и мисии,
- Недостатокот на легални миграциски можности.

Меѓу наведените фактори, *сиромаштијата* најчесто се смета за најголема причина која ја поттикнува трговијата со луѓе. Можноста жртвите да избегаат од секојдневната немаштија во која живеат и да ја подобрат својата позиција се граничи со недостаток на соодветно образование, надополнет со недостатокот на можности за легални вработувања во рамките на своите опкружувања, каде нивото на невработеност е постојано на високо ниво. Истражувањата покажуваат, дека голем број жртви/потенцијални жртви се спремни да ги напуштат своите домови во замена за подобар живот. Ова сè уште се случува, и покрај информативните кампањи кои се спроведуваат, со цел да се предупредат потенцијалните жртви за ризикот на кој би се изложиле, доколку се согласат на условите поставени од сторителите/трговци. Токму затоа е важно да се разберат и истражат големиот број на фактори, кои во основа доведуваат до појава на жртви на трговијата со луѓе.

Во литературата може да наидеме на следните фактори на поттурнување, кои се поврзани со промените на општеството во земјите на потекло (Nikolič - Ristanovič, 2002: 9):

- *Социо - економски фактори* (сиромаштијата и невработеноста, кои доведоа до феминизација на миграцијата и пазарната економија и развојот на секс индустријата);

- *Политички фактори* (политичката нестабилност, слободната гранична политика - шенген зона);
- *Културни фактори* (ретрадиционализацијата на општествените очекувања во врска со сексуалноста); и
- *Фактори кои се поврзани со милитаризмот и војната* (статусот на бегалец, отсуството на перспектива, беззакониeто и сл.)

### 1.4.1.2.Фактори на повлекување

*Факторите на „повлекување“*, од друга страна, се перспективите кои им се нудат на жртвите и тоа се причините кои ги привлекуваат односно повлекуваат потенцијалните жртви во синџирот на трговијата. Факторите на повлекување се оние кои делуваат со својата привлечна снага и претставуваат замислување на предностите на животот во богатите земји. (Obradović, 2016: 249-263)

Такви се (Прирачник за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи, 2002: 16):

- Желбата за вработување и „добрата плата и брзата заработувачка“
- Финансиската поддршка на семејствата,
- Пристапот до одредени бенефиции,
- Подобриот начин на живеење и пристапот до одредени бенефиции,
- Потрагата по поквалитетно образование,
- Желбата за авантуристички и возбудлив живот,
- Понудата за „примамливи“ бракови,
- Запознавањето на нови места и култури,
- Подобриот социјален статус

Како причини за трговија со жени заради сексуална експлоатација се наведуваат: економската природа, социјалните околности во контекст на невработеноста, сиромаштијата и насилството врз жената (Iljkić, 2008: 18).

Овие фактори се делат на (Бачановиќ, 2001):

- *Социо - економски фактори* (поголема можност за вработување и заработка);
- *Културни фактори* (ретрадиционализација на општествените очекувања во поглед на сексуалноста на глобално ниво, односно колонизацијата и комодификацијата на сексуалноста кои имаат значајна улога во културно современите пазарни општества ширум светот, која всушност го потврдува митот дека работењето во секс индустријата е „атрактивно“);
- *Митови за земјите на дестинација кои постојат во земјите на потекло на жртвата;* и
- *Војната и милитаризацијата како фактори кои креираат побарувачка за сексуалните услуги* (присуството на војна секогаш делува како фактор на повлекување и креира погодно тло за експанзија на проституцијата, каде припадниците на воените (активни и мировни) сили се појавуваат не само како клиенти, туку и активно учествуваат во трафикување на жените).

### 1.4.2.Последици од трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе е огромен социјален проблем кој има далекосежни негативни последици, како за преживеаните од трговија со луѓе, нивните семејства и непосредната околина, така и за општеството во целина. Трговијата со луѓе како модерна форма на ропство претставува драматично кршење на основните човекови права и слободи. (Korićanac, 2013: 16)

Оваа појава носи глобални последици кои му се закануваат на човештвото во целина. Имено, по својата природа експлоатацијата која е опфатена со трговијата со луѓе

истовремено означува и дерогација и негација на основните човекови права и слободи, на човековото достоинство и интегритетот. (Вон - Ламп, 2009: 456)

Жртвите во процесот на трговијата со луѓе биле злоупотребувани и експлоатирани во специфични услови што може да резултира со краткорочни и долгорочни, полесни или потешки, психички и физички повреди, болести и инфекции, особено полово преносливи или, пак, ХИВ - вируси, а сè почесто резултира и со инвалидитет и смрт. Симптомите како анксиозност, депресија, отуѓеност, дезориентација, агресија и тешкотии со концентрацијата се директна последица од долгорочни и повторувачки трауматски искуства што ги искусиле жртвите на трговија со луѓе. (Николиħ, 2004: 310)

Студиите кои ги елаборираат последиците од трговијата со луѓе укажуваат на тоа дека повредите и траумите стекнати во процесот на трговијата со луѓе може да се присутни и долго по излегувањето на лицето од ситуацијата на експлоатација, особено ако не е обезбедена соодветна поддршка и советување за жртвата.

Особено, како последици на овој криминалитет се јавуваат дестабилизација на општеството, пораст на економскиот криминалитет, економска и демографска дестабилизација и сл. Но, најголемите последици ги чувствува самата жртва и нејзините најблиски: повреда на достоинството, честа, угледот, срам, неспособност за ресоцијализација, истрауматизираност и други здравствени проблеми кои можат да резултираат и со инвалидитет и смрт кај жртвата. (Иванова, 2011: 16)

Рехабилитацијата и реинтеграцијата на жртвите од трговијата со луѓе е долгорочен и комплексен процес кој со сигурност не може да гарантира успех. Дури и кога физички проблемите можат да се решат, а стигмата да се надмине, траумата и психолошката штета го отежнуваат целиот процес на заздравување кој и онака е дополнително отежнат од проблемите со достапноста на услугите. Поради тоа, некои жртви не можат да се приспособат на начинот на живот кој претходно го сметале за „нормален“.

Правата на жртвите често продолжуваат да се прекршуваат дури и откако истите ќе излезат од ситуација на експлоатација и трговија, односно во многу случаи тие се соочуваат со повторна виктимизација. Имено, во многу земји сè уште заштитата која им се обезбедува на тргуваните лица директно е условена од нивната соработка со властите. Меѓутоа, условната заштита е во противречност со пристапот на човековите права, при што на жртвите на експлоатацијата им гарантира безусловна поддршка и почитување на

нивните права и се спротивставува на употребата на тргуваните лица само како на инструменти во кривичната постапка, но не и како инструмент на социолошки анализи. (Дракуловски, 2015: 16)

# II.МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1.Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој магистерски труд претставува проучувањето и анализата на мерките, стратегиите и Протоколите за спречување на трговијата со луѓе во Република Македонија, со посебен акцент на трговијата со луѓе во рамките на Европската Унија. Врз основа на ова, огромно внимание се посветува на стратегиите за борбата против трговијата со луѓе, се со цел за да биде намалена високата стапка на пораст на овој вид на трговија. Исто така, во овој магистерски труд се анализирани стратегиите за подобрување на ефикасноста во борбата против трговијата со луѓе.

Поаѓајќи од предметот на истражување, овој магистерски труд, посебно внимание посветува на:

- Стратегиите за борба против трговијата со луѓе претставуваат резултат на севкупната потреба од еден поинаков пристап на општеството кон ваквиот вид на организиран криминал. Општествените и геополитичките промени на територијата на земјите од Европската унија од почетокот на новиот милениум па заклучно сè до денес, влијае и врз профилот на жртвите од трговијата со луѓе во Република Македонија. Интеграцијата во Европската унија на земјите на потекло на жртвите на трговијата со луѓе создаде таков придонес кој овозможува континуирано зголемување на домашните жртви од трговијата со луѓе кои се слабо интегрирани во општествените процеси.
- Трговијата со луѓе е меѓународен проблем и претставува модерна форма на ропство. Во процесот на трговијата со луѓе најсурово се искористува човековото тело и човековиот труд при што на жртвите им се кршат основните човекови слободи и права почнувајќи од ограничување на движење, па сè до насилство и злоупотреба. Трговијата со луѓе како феномен е предизвикан од различни фактори кои се јавуваат во сите фази на процесот на трговијата со луѓе: во земјите на

потекло (сиромаштијата, невработеноста, војни, политичка нестабилност, лоши социјални услови, родова нееднаквост) во земјите на дестинација и за време на миграцијата.

- Трговијата со луѓе претставува врбување (регрутирање, транспорт, трансфер, заштитување или прием на лица, со помош на закана или со употреба на сила или други форми на принуда, грабнување, измама, лага, злоупотреба на моќ или злоупотреба на положбата на ранливост или на давање или добивање на исплата или корист, заради постигнување на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација. Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум ја опфаќа експлоатацијата на проституцијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропство, угнетување или отстранување на органи.
- Преку меѓународната соработка помеѓу полицијата и судиите и напредната размена на информации, Европската унија се бори да ги отстрани корените на трговијата со луѓе и трага по криминалните банди кои ги злоупотребуваат жените. За да се бори со организираниот криминал, Европската унија соработува со надлежните органи, во регионот како Балканот и во другите области. Искоренувањето на сиромаштијата во земјите во развој, исто така, придонесува жените да бидат помалку подложни на експлоатација. Жените кои се жртви на трговија со луѓе може да добијат помош од фондовите на Европската унија преку образование, обуки и вработување со цел да се реинтегрираат во кое што истите постојано живеат и дејствуваат.
- Територијата на Европската унија е еден од регионите во светот каде овој проблем се сретнува во големи размери бидејќи станува збор за регион кој честопати истовремено претставува почетна точка, транзитен регион и последна дестинација на трговијата со луѓе. Поради ова, многу е важно земјите од овој регион да пристапат со одржлива стратегија со која би се потенцирала соработката помеѓу нив, со цел да дојде до намалување на трговијата со луѓе во транзитната земја.

## 2.2.Цел на истражувањето

Првичната цел на истражувањето е да се потврди главната хипотеза на овој магистерски труд според која стратегиите и мерките кои се наменети за сузбивање на трговијата со луѓе ги одредуваат стратешките приоритети за борба против овој феномен, и специфичните задачи на одговорните институции, како и ги усогласуваат сите меѓу - институционални активности со помош на кои се овозможува постигнување на поставените цели. Исто така, суштината на основната цел на истражувањето ја претставува замислата правилно да биде дефиниран и претставен поимот трговија со жени, конкретно прикажан ваквиот проблем во земјите на Европската унија, а воедно и да бидат презентирани и суштински објаснети сите чекори, процедури и политики кои ги опфаќаат стратегиите наменети за сузбивање на трговијата со луѓе во овие простори, како и сите ефекти кои произлегуваат од ваквите стратегии.

## 2.3.Главна хипотеза:

- ✓ Стратегиите и мерките за сузбивање на трговијата со луѓе ги одредуваат стратешките приоритети за борба против оваа појава, ги дефинираат специфичните задачи на одговорните институции, како и ги усогласуваат сите меѓу - институционалните активности со помош на кои се овозможува постигнување на поставените цели, на регионално и локално ниво.

Врз основа на оваа главна хипотеза, произлегуваат следниве помошни хипотези во кои се вбројуваат:

- ➢ Ваквите стратегии креираат конкретен правец за обезбедување и подобрување на квалитетот на услугите на жртвите на трговијата со луѓе во целост;
- ➢ Стратегиите содржат координирани активности на сите засегнати актери и страни;

- Применетите стратегии опфаќаат една широка финансиска и политичка поддршка за имплементација на планираните активности.

## 2.4.Методи и техники

Секој научно - истражувачки труд претставува еден вид на сложен и комплексен процес кој во себе содржи повеќе логични задачи врз основа на кои се дефинираат сите врски и односи кои постојат помеѓу појавите кои се истражуваат.

Во однос на теоретскиот дел на овој магистерски труд, користени се истражувања за кои низ секундарни извори на податоци се добиени информации за трговијата со луѓе во земјите од Европската унија и за стратегиите за сузбивање на овој вид на трговија. Најчесто користени извори на податоци се:

- домашната и странската научна литература,
- електорниските - интернет страници,
- голем број на документации и информации кои беа обезбедени во текот на релевантното истражување.

Во овој магистерски труд се применуваат компаративниот метод и методот на анализа со помош на кои е направен еден процес на теоретско разработување на стратегиите за сузбивање на трговијата со луѓе, со посебен акцент на жртвите во регионот на Европската унија. Во овој труд применети се како квантитативни, така и квалитативни методолошки методи и постапки, во кои се вбројуваат анализата и компарацијата.

## 2.5.Операционализација на поими

Данаилов (2001: 1) истакнува дека *трговијата со луѓе* првенствено претставува сериозно кршење на основните човекови права и слободи, особено правото да не се биде

во ропски однос и ропска потчинетост, правото на слобода и безбедност на личноста, забраната на суровиот и нехуман третман и слободата на движење. Во современото општество, како резултат на сексуалната искомерцијализираност во сите аспекти на животот, овој облик на трговија со луѓе претставува искористување на жената преку проституција, присилна проституција и други слични форми на криминал. Многу автори укажуваат на тесна поврзаност која постои меѓу проституцијата и трговијата со луѓе и фактот што проституцијата, на еден начин, ја стимулира истата. (Биљали, 2007: 6)

Според Неткова и Зејнели (2006: 6), прашањето на трговијата со луѓе зазема енормни размери во регионот на Европската Унија. Меѓу причините поради кои Европа е референтен случај на трговијата со луѓе е и прогресијата од состојба на конфликт во постконфликтната состојба и транзиција во овие земји.

Трговијата со луѓе е пазар во пораст, и според волуменот во меѓувреме може да се спореди со трговијата со дрога и оружје. Овој пазар се храни со расистичките фантазии и од фантазиите за моќ на западните мажи, кои ги трошат своите пари за сексуални задоволства или воопшто да поседуваат девојчиња и жени, како и од слични потреби на мажите во соодветните земји.

Сулејманов (2007: 147) истакнува дека под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационален организиран криминал кој се состои од противправно остварување на економска или друг вид корист од продажба на жени, која се остварува по пат на закана, врбувања, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредници, како и разни видови на нивната експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост.

Националната стратегија и Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе претставуваат сеопфатна политика за борба против трговијата со луѓе со координирана акција на сите релевантни институции и организации, во која заштитата на човековите права се максима. Клучните иновативни карактеристики на Стратегијата и Националниот акциски план предвидуваат силни превентивни мерки со кои ќе се делува на причините, односно на корените на трговијата со луѓе и работата со ранливите групи со цел спречување на оваа појава. (Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, http://nk.bitsia.com/mk/publikacii/nacionalni-akciski-planovi-i-strategii)

# III.МЕРКИ И СТРАТЕГИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НИЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ

## 3.1.Трговијата со луѓе низ меѓународните документи

Трговијата со луѓе се оценува како една од најсериозните повреди на човековите права, на дигнитетот и интегритетот на луѓето (Derenčinović, 2010: 58). Ширум светот тргувањето со луѓе всушност претставува модерна форма на старата трговија со робови. Жртвите, особено жените, се присилени на работа, најчесто во сексуалната индустрија (Belušić, Doležal, Dvorski, Draganja, 2006: 53), но и во земјоделството, во прехранбената индустрија и во другите сектори.

Земајќи го предвид меѓународниот карактер на трговијата со луѓе, државите не се препуштени на самите себе си во борбата против овој феномен, а за тоа сведочат и големиот број на меѓународни акти кои се однесуваат на оваа материја. Бидејќи овие прописи се однесуваат на цела низа подрачја, разликуваме обврзувачки прописи како што се меѓународните конвенции и меѓународните договори, како и документите кои имаат значење на препораки, совети или насоки.

Оттука, неопходно е усвојување на повеќе холистички стратегии по однос на поширокиот аспект на глобалната миграција. Со оглед на зачестените акти кои ги донесуваат меѓународните институции во изминатите години, ние ќе ги спомeнеме само оние конвенции и договори кои по своето значење претставуваат најважната основа во борбата против трговијата со луѓе. Имено, меѓународните организации, особено Советот на Европа и ОБСЕ, обелоденија дека се детерминирани да работат заедно кон остварувањето на заедничката цел: *нулта толеранција против трговијата со луѓе*. Ваквиот стремеж произлезе од загриженоста за состојбите со трговијата со луѓе и од фактот што криминалците во Европа, и во XXI век, ги продаваат луѓето спротивно на нивната волја и ги третираат како и секој друг производ (предмет) на пазарот.

Согледувајќи ги огромните негативни импликации од овој вид криминал врз човековите права, меѓународната заедница, со цел да му се спротивстави, се организира преку усвојување бројни документи и преземање други активности. Имено, Советот на

Европа, чија главна вокација е заштита и промоција на човековите права, почнувајќи од 1980 година, активно е вклучен во борбата против трговијата со луѓе, тргнувајќи од фактот што овој криминал директно ги подрива вредностите врз кои Советот на Европа се заснова, а тоа се: човековите права, демократијата и владеењето на правото. Оттука, според оваа меѓународна организација, трговијата со луѓе е несомнено една од најдеградираните работи на човековите активности.

Исто така, Советот на Европа, во 2006 година, во насока за борба против трговијата со луѓе покрена и кампања под слоганот: „Луѓето не се за продажба”. Целта на кампањата беше да се подигне јавната свест за проблемот на трговијата со луѓе, како и да се пронајдат можни решенија помеѓу владите, парламентарците, регионалните власти, невладините организации и цивилниот сектор. Кампањата го промовираше потпишувањето и ратификацијата на Конвенцијата, која е практична алатка за меѓународна соработка во борбата против трговијата со луѓе и помош на земјите во развивањето на ефективно национално законодавство и политики. Во истото време кога се водеше оваа кампања, Советот на Европа покрена и организирање серија регионални настани за информирање и подигнување на јавната свест под наслов: „Акција против трговијата со луѓе: спречување, заштита и обвинување”.

Во рамките на Европската Унија можеме слободно да кажеме дека Рамковната одлука за сузбивање на трговијата со луѓе од 2002 година (Council Framework Decision of 19 July 2002 on combating trafficking in human beings) моментално е најзначајниот документ на Европската Унија и главен поттик за донесување на Протоколот од Палермо. Освен тоа оваа Рамковна одлука е првиот документ на Европската Унија во кој се напушта „стратегијата“ за само деклараторно споменување на можноста за казнување на извршителите на кривичното дело трговија со луѓе без изречно одредување на казнени санкции. (Mađerić, 2008: 13)

На меѓународно ниво, постои голем интерес за заштита на жената, како специфична жртва. Во прв план, се изготвувани документи кои ја обликуваат трговијата со луѓе исклучиво како трговија со жени. Во 1904 година, од страна на земјите кои подоцна ја чинат Лигата на Народите, е склучен Меѓународен договор за сузбивање на трговијата со бело робје (International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic), кој се однесува на жените и девојките кои се пренесуваат во странство од

неморални причини. Шест години подоцна, во мај 1910 година, е донесена Меѓународна конвенција за сузбивање на трговијата со бело робје (International Convention for the Suppression of the Traffic of Women and Children). Како што е наведено во самата Конвенција, истата е донесена поради копнеж да се преземат што е можно поефикасни чекори за сузбивање на трговијата позната како “White Slave Traffic“. Овие два меѓународни акта подоцна потпаѓаат под т.н. “Treaty Series“, односно група на договори во рамките на Лигата на Народите, кои се однесуваат за оваа материја (https://treaties.un.org/pages/AdvanceSearch.aspx?tab=UNTS&clang=_en).

Во 1921 година Лигата на Народите ја донесува и Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца (International Convention for the Suppression of the Traffic of Women and Children). Преку овој меѓународен акт се гледа зголемувањето на потребата од заштита на сите малолетни лица, и нивно подведување под посебен третман, различен од оној кај полнолетните жртви, како и потребата од посебно третирање на лицата кои се јавуваат како трговци со малолетни лица. Во 1933 година Лигата на Народите ја носи и Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени во полна возраст (International Convention for the Suppression of Traffic in Women of Full Age), а во 1947 година е донесен Протокол за дополнување на Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца од 1921 година, и на Конвенцијата за сузбивање на трговијата со возрасни жени од 1933 година, со која досегашните функции и овластувања од оваа област се префрлаат врз Обединетите Нации.

Од страна на Обединетите Нации, во 1949 година е донесена Конвенцијата за забрана на трговија со луѓе и искористување на други за проституција (Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and the Exploitation of the Prostitution of Others) со што се направи обединување на претходно донесените документи од Лигата на народите во оваа насока.

Сите горе наведени меѓународни акти, претставуваат поважните документи кои се донесени на меѓународно ниво со цел да се сузбие трговијата со луѓе (жени и деца) која се врши заради сексуално искористување.

Од документите кои се донесени со цел за спречување на тргувањето и поробувањето на лица, во глобала, позначајни се: Конвенцијата против ропство (Slavery Convention), донесена 1926 година, која спаѓа во групата на договори донесени од оваа

област од страна на Обединетите Нации, потоа Дополнителната конвенција за укинување на ропство, трговија со робови, како и институции и пракси слични на ропство од 1956 година (Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery), Конвенцијата за укинување на присилна работа од 1957 година (Convention concerning the Abolition of Forced Labour International Labour Organization Convention), Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година (International Covenant on Civil & Political Rights), како и позначајната Конвенција за борба против транснационалниот организиран криминал од 2000 година на Обединетите Нации (United Nations Convention against Transnational Organized Crime).

Создавањето на нова меѓународно правна рамка во спречувањето на трговијата со луѓе започнува токму со донесувањето на оваа Конвенција за борба против транснационалниот организиран криминал, како и со, особено важниот, Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца (Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children). Протоколот, всушност, е израз за потенцирање на опасноста на трговијата со луѓе, но и за потенцирање на трговијата со луѓе како исклучително опасна форма на организиран криминал кој постојано бележи нагорна линија.

### 3.1.1.Конвенција против транснационалниот организиран криминал и Протокол за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца (Протоколот од Палермо)

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца претставуваат инструменти, познати уште како Конвенција и Протокол од Палермо за борба против трговијата со луѓе, претставуваат одговор на меѓународната заедница и постоење на јасен глобален пристап за ефективна борба против транснационалниот организиран криминал на трговијата со луѓе. Нивната цел е да се промовира соработката во делот на превенцијата и истите се повикуваат на проширување на страните -

потписнички со цел преземање на ефективни мерки против транснационалниот организиран криминал и зајакнување на прекуграничната соработка заради прогонување и сузбивање на организираниот криминал и трговијата со луѓе како еден подвид на организираниот криминал. Имено, Конвенцијата предвидува мерки и политики кои треба да бидат усвоени од страните - потписнички во областите на заштита на жртвите и сведоците од организираниот криминал и конфискација на заработката од криминал, промовирање на меѓународна соработка на органите на прогонот во спроведување на заеднички истраги против организаторите на кривичните дела, поттикнување на истражување и споделување на информации и усвојување на превентивни политики и мерки против трговијата со луѓе. Додека пак, двата дополнителни протокола (Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе и Протоколот за спречување и казнување на шверцување на мигранти), се конкретно насочени кон одредени типови на организирана криминална активност која бара специјализирани одредби кои треба да се усвојат од страните - потписнички. (Данаилов, 2011: 10)

Со потпишувањето на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал, во декември, 2000 година, во Палермо - Италија, меѓународната заедница демонстрираше силна политичка волја за одговор на глобалните предизвици и промовирањето на поефикасна соработка за превенција и борба против организираниот криминал.

На милениумскиот Самит светските лидери прокламираа „слобода од стравот” како една од суштинските вредности на XXI век, бидејќи правото да се живее со дигнитет, без страв, сè уште не го уживаат милиони луѓе ширум светот.

Протоколот за превенција, забрана и казнување на трговијата со луѓе, посебно со жени и деца, кон Конвенцијата на Обединетите Нации, како и Рамковната одлука на Советот за сузбивање на трговијата со луѓе, се важни инструменти за справување со ваквите криминални работи. Конвенцијата е на иста линија со Препорачаните принципи и насоки за човековите права и трговијата со луѓе на Обединетите Нации, според кои: човековите права на лицата кои се предмет на трговија ќе бидат во центарот на сите активности за спречување, сузбивање, заштита, помош и подготвување на жртвите.

Целта на Протоколот кон Конвенцијата на Обединетите Нации за транснационален организиран криминал е:

- ✓ спречување, забрана и казнување на трговијата со луѓе, со посебен акцент на трговијата со жени и деца;
- ✓ заштита и помош на жртвите од таквата трговија, со целосно респектирање на човековите права; и
- ✓ промовирање соработка помеѓу земјите - потиснички на Конвенцијата заради исполнување на овие цели.

Од друга страна, целта на усвојувањето и примената на Протоколот е превенција и репресија на трговијата со луѓе и олеснување на меѓународната соработка, како и хармонизација на казнените законодавства во однос на казнените дела и заштита на жртвите на овие дела. (Камбовски, 2005: 268)

Протоколот претставува прв меѓународен документ кој го дефинира поимот трговија со луѓе. Со цел да се делува врз спречувањето на трговијата со луѓе, од голема важност е да се одреди овој поим. Според Протоколот, под „трговија со луѓе” се подразбира врбување, транспорт, трансфер, вклучувајќи и превозување со брод или прифаќање на лицата, преку користење сила или други форми на присилба, закана, измама, или злоупотреба на функцијата... или преку давање или примање плаќања и други бенефиции со цел создавање на таква состојба кога едно лице ќе има контрола врз друго заради негова експлоатација. Под „експлоатација” се подразбира користење други лица за проституција или други форми на сексуална експлоатација, присилна работа или услуга, ропство или практики слични на ропство, слугување или продавање на органи.

Вака поставена дефиницијата за трговијата со луѓе, содржи неколку позитивни аспекти (Vargek, Matak, 2012: 9):

- ✓ импликација на сите форми на трговија со луѓе;
- ✓ фокусирање на условите на принудна работа, услуги, ропство и робовски односи;
- ✓ признание дека жените, мажите, децата, со еден збор сите, можат да бидат жртви на трговијата со луѓе;
- ✓ не претставува неопходност преминување меѓународно признати граници, земајќи во предвид дека со луѓето се тргува и во рамките на една земја, од еден регион во друг;

- ✓ предвидување на начинот на намалена способност на полнолетните лица да самостојно донесуваат одлуки за својот живот, а особено во поглед на изборот на работа и миграција;

Целта на трговијата со луѓе во Протоколот е широко поставена, бидејќи со поимот е опфатен секој облик на сексуална експлоатација, принуден трут или служење, ропски или на нему слична положба. (Цмиљанић, 2015: 116)

Со Протоколот од секоја земја се бара да усвои легислатива или други мерки кои можат да бидат неопходни со цел дејствијата предвидени во Протоколот да бидат третирани како кривични дела кога се вршат со умисла. Од земјите исто така се бара да усвојат легислатива со која обидот за извршување на кривичното дело предвидено во согласност со овој Протокол ќе биде регулирано како кривично дело, односно истото ќе биде казниво.

Според Конвенцијата, земјите имаат обврска да воспостават компрехензивни политики, програми и други мерки со цел (Сопронов и Сопронов, 2017: 174):

- ✓ спречување и сузбивање на трговијата со луѓе, особено со жени и деца од ревиктимизација;
- ✓ заштита на жртвите на трговија со луѓе, за што е потребно да преземат мерки како што се истражување, информирање и кампањи преку мас - медиумите како и социјални и економски иницијативи за превенција и борба против трговијата со луѓе.

Генерално, Протоколот содржи екстензивна листа на заштитни мерки и мерки за поддршка со намера благовремено да се превенираа, да се намали штетата и страдањето на жртвите и секако да се помогне во нивното заздравување и рехабилитација. Со стапувањето во сила на Законот за ратификација на Конвенцијата од Палермо и дополнителните протоколи (27 септември, 2004), Собранието на Република Македонија обезбеди одредбите да станат правно обврзувачки и применливи како дел од националниот правен систем со предност во применувањето над националните закони. Во оваа смисла, потребно е и македонските власти да бидат охрабрени да ги зајакнат и

редовно да се повикаат на обврзувачкиот ефект на овие одредби како солиден аргумент кога се применуваат превентивни мерки или се преземаат било какви социјално реинтегрирачки програми. Иако некои од овие одредби се сметаат како можни и зависни од локалниот социјално - економски развој на земјата за која станува збор, овие одредби се декларирани да се применуваат еднакво во сите држави како земји - потписнички. (Данаилов, 2011: 13)

Македонија на 12 декември 2000 година, во Палермо, ја потпиша Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал со Протоколите донесени од страна на Обединетите Нации, со што „беше потврдена подготвеноста на државата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал, преку зајакнување на меѓународната соработка и владеење на правото“. (Јаниќевиќ, 2007: 147)

Иако служи како добар инструмент да го дефинира концептот на трговија со луѓе со цел за отстранување на органи во спроведување на законот, сепак овој Протокол има свои слабости.

### 3.1.2.Конвенција на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе

Конвенцијата на Советот на Европа против трговијата со луѓе (CETS бр. 197) е усвоена од Комитетот на министри на 3 мај 2005 година и отворена за потпишување на 16 мај 2005 година во Варшава, на Третиот самит на шефовите на држави и влади на Советот на Европа. Оваа Конвенција, која се смета како нова европска спогодба на ова поле, е компрехензивен документ кој се фокусира главно на заштита на жртвите на трговија со луѓе и на обезбедувањето на нивните права. Нејзина цел се превенцијата на трговијата со луѓе и осудувањето на трговците со луѓе. Трговијата со луѓе, според овој документ, опфаќа: врбување, транспорт и пренесување со брод на возрасни лица, најчесто жени и малолетни лица, заради експлоатација на нивниот труд преку присилување на проституција и на друга форма на сексуална експлоатација, вклучувајќи и нивно користење преку порнографски материјал. Дополнително, Конвенцијата предвидува и

утврдување на ефективни и независни механизми за мониторинг кои ќе бидат ефикасни за контрола врз имплементацијата на обврските содржани во неа.

Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа, која влезе во сила на 1 февруари 2008 година, има за цел да ја спречи трговијата со луѓе, да ги заштити жртвите и да ги гони трговците. Конвенцијата ги опфаќа сите форми на трговија со луѓе, независно дали станува збор за национален или меѓународен карактер и дали е поврзана со организираниот криминал или не, и се однесува на сите жртви на трговијата (жени, мажи и деца), како и на сите форми на експлоатација. Конвенцијата, исто така, вклучува и мерки кои ги промовираат партнерството со граѓанското општество и меѓународната соработка.

Главната дополнителна вредност на Конвенцијата е нејзиниот фокус врз човековите права и заштитата на жртвата. Конвенцијата ја дефинира трговијата со луѓе како повреда на човековите права и како кривично дело против достоинството и интегритетот на човекот. Ова значи дека националните власти сносат одговорност доколку не преземат активности за превенција на трговијата со луѓе и заштита на жртвите и доколку не спроведат ефективна истрага за случаите на трговија со луѓе.

Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе има за цел:

- да ја спречи трговијата со луѓе,
- да ги заштити жртвите на трговијата со луѓе,
- да ги гони строителите, и
- да ја унапреди координацијата на националните активности и меѓународната соработка на овој план.

Конвенцијата е првиот правно - обврзувачки инструмент којшто нуди сеопфатни упатства до владите за тоа како да се борат против трговијата со луѓе. Исто така, акцентот е ставен врз принципот дека тргуваните лица не треба да бидат казнети за злосторствата за коишто биле принудени да ги направат за време на процесот на трговија со луѓе.

Како интегрален текст, Конвенцијата претставува сеопфатен документ - договор, со фокус на заштитата на жртвите од трговија, кој гарантира родова еднаквост, утврдувајќи ги стандардите во заштитата на нивните права. Конвенцијата става важен акцент на

превенцијата на трговијата и прогонувањето на сторителите - трговците со луѓе. Важно е да се спомене дека оваа Конвенција се однесува на сите форми на трговија, независно дали таа се одвива во рамките и територијата на една држава или има транснационален карактер, и независно дали претставува дел или е поврзана со организираниот криминал. Се однесува на сите жртви (жени, мажи, деца) и на која било форма на експлоатација (сексуална експлоатација, трудова експлоатација и принудна работа или услуги). (Данаилов, 2011: 14)

Според тоа, со Конвенцијата се афирмира сфаќањето дека трговијата со луѓе претставува повреда на човековите права поради кое државите имаат позитивна обврска за спречување на оваа појава и пружање помош на жртвите. Со Конвенцијата се промовира мултидисциплинарен координативен приод и од земјите - потписнички се бара да преземат мерки за зајакнување на координацијата на национално ниво помеѓу разните органи, како што се социјалните служби, полицијата, органите за миграција, царината, судството и администрацијата. Конвенцијата ја потенцира и важноста на „професионалната загриженост” на секој кој ќе дојде во контакт со жртвите од трговија во текот на извршувањето на своите должности (полицијата и органите на прогонот, социјалните работници, лекарите и сл.). Конвенцијата, исто така, бара од земјите - потписнички да усвојат превентивни мерки кои треба да бидат преземени на краткорочен, среднорочен и долгорочен период. Мерките за информирање, за кампањи за подигнување на јавната свест и за образование треба да бидат преземени на краткорочен план, посебно во земјите од каде што потекнуваат жртвите, додека социјалните и економските иницијативи за искоренување на структурните причини за трговијата со луѓе бараат долгорочни инвестирања.

Целта на овој меѓународен документ, исто така е да се поттикне активна расправа и преземање мерки кои може да бидат од законодавен, административен, образовен, социјален, културен или друг вид. Друга мерка која е предвидена во Конвенцијата е барањето за криминализација на „клиентите” на оние кои имаат корист од жртвите на трговија со луѓе. Според тоа, станува збор за регионален меѓународен договор кој веќе во својот назив го содржи терминот „борба против трговијата со луѓе“ со цел да се означи севкупен пристап на овој феномен, од нормативно одредување на поимот, преку

спречување на трговијата со луѓе, до помош на жртвите и мерките за кривично гонење на сторителите на овој феномен. (Цмиљанић, 2015: 130)

Конвенцијата содржи мерки за обесхрабрување на побарувачката од луѓе кои ќе бидат предмет на трговија. Ова е прв пат ова прашање да биде регулирано со некој меѓународен правен инструмент, тргнувајќи од меѓународната побарувачка како една од причините за трговијата со луѓе. Слично на која било област на превенција, дефинирањето на проблемот е првиот чекор во процесот на постапување по однос на побарувачката од луѓе кои ќе бидат предмет на трговија. Генерално, побарувачката којашто се смета како причина за трговијата со луѓе е барање услуги креирани преку трговијата со луѓе при што најчесто се мисли на барање сексуални услуги и евтина работна сила.

Имено, во делот на заштита и превенција на жртвите од трговија, Конвенцијата ги обврзува страните - потписнички да преземат мерки за востановување и зајакнување на националната координација меѓу различните тела одговорни за превенција и борба против трговијата со луѓе. Исто така, обврзува на зајакнување на ефективните политики и програми за превенција на трговијата со луѓе, како на пример, истражување, информации, подигање на свеста и образовни програми, социјални и економски иницијативи и програми за обука, особено за лица ранливи на трговија со луѓе и за професионалци што се посветени во борбата против трговијата со луѓе. Имено, мерките треба да го вклучат невладиниот сектор, вклучувајќи специфични мерки за намалување на ранливоста на децата во однос на трговијата со луѓе. (Данаилов, 2011: 14)

Подигнувањето на свеста и на образованието е крајната мерка на стратегијата за превенција. Сите чинители во општеството треба да бидат свесни за повредата на човековите права на сите нивоа од процесот на трговија со цел да се сфати дека лицата кои се предмет на трговија се жртви на сериозен криминал. Ризичните групи треба да бидат свесни за ризикот од трговијата и за начините на обезбедување на нивната сигурност за време на миграциониот процес. На потенцијалните жртви треба да им бидат достапни информациите за тоа како да ги идентификуваат трговците со луѓе. Земјите на дестинација на мигрантите, неопходно е да водат сметка за работните услови на мигрантите кои можат да бидат причина за нивно искористување од трговците со луѓе. Превенцијата на трговијата е регулирана во Конвенцијата преку регулирање на мерките за

обесхрабрување на побарувачката и мерките кои треба да бидат преземени на граничните премини.

Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе, како што може да забележиме, останува да биде еден од најконсолидираните, сеопфатни и важни инструменти за организирана борба против овој феномен на кој треба особено да се обрне внимание и истиот да се следи во рамките на тековните национални легислативни реформи и организираниот институционален одговор против трговијата со луѓе. Исполнувањето на стандардите и барањата предвидени со овој акт неопходно е да бидат содржани во сите национални законодавства и пракси како дел од критериумите за проширување на Европската унија. Многу извештаи потврдуваат дека нашата земја, Република Македонија го трасира патот кон висок степен на усогласеност на законите и праксите со овој инструмент. (Данаилов, 2011: 16)

### 3.1.3.Рамковна одлука на Советот на Европа за превенција и борба против трговија со луѓе со која надвор од сила се става Рамковната одлука 2002/629/JHA

Оваа одлука е усвоена од Советот на Европа во 2009 година, во Брисел, на предлог на група експерти на Европската комисија од доменот на трговијата со луѓе, а на база на потребата за градење на адекватна правна рамка која би овозможила да се стимулира истражувањето на трговијата со луѓе и да се надгледува дејството на мерките за сузбивање на трговијата со луѓе. Оваа одлука ги опфаќа одредбите на дотогашната Рамковна одлука, но е дополнета со нови мерки кои не се од законодавна, туку од политичка и социјална природа.

Целта на оваа одлука е да на ниво на Европската унија сеопфатно се регулира кривичното дело трговија со луѓе, и тоа прашање да се синхронизира со другите политики и цели на Европската Унија. Со одлуките се тежнее да се создадат услови за делотворна борба против сите облици на семејно насилство. Овој документ се заснова на Повелбата на Европската Унија, која експлицитно ја забранува трговијата со луѓе.

Од социјален аспект, особено се значајни третата и четвртата област од одлуката со кои се опфатени правата на жртвите и нивната поддршка. Имено, на жртвата ѝ се дава посебен третман со цел за превенција на секундарната виктимизација. Заштитата на жртвата се заснова на проценка на ризикот по жртвата, а се предвидува и надомест. Во однос на поддршката на жртвата, поддршката се согледува преку воспоставувањето на механизми за рана идентификација и помош. Додека пак, во однос на превенцијата, се предвидуваат активности со цел да се сузбие побарувачката за сексуални услуги и евтината работна сила.

Оваа Рамковна одлука се заснова на две начела (Цмиљанић, 2015: 140):

- Првото начело е *супсидијарност*. Имено, поставените цели на одлуката не може во доволна мера да се постигнат од државите членки индивидуално, бидејќи борбата против трговијата со луѓе бара координирано делување на државите членки, како и соработка на меѓународно ниво.
- Второто начело е *пропорционалност*. Имено, Рамковната одлука содржи неопходни минимуми за постигнување на поставените цели на европско ниво.

### 3.1.4.Директива на Европската унија за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите на трговијата (Директива 2011/36/ЕУ)

Директива 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2011 за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите, ја заменува Рамковната одлука 2002/629/JHA на Советот 2002/629/JHA (5 април 2011 година) Директивата е правно - обврзувачка за сите држави членки на ЕУ, освен за Данска. Директивата особено предвидува превенирање и борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите.

Пристапот кој се застапува во Директивата се чини поширок од оној во Конвенцијата на Советот на Европа. Директивата утврдува експлицитна обврска да не се

покренува кривично гонење. Односно, со Директивата експлицитно се утврдува обврската за државите членки на Европската унија не само да не се казнуваат жртвите, туку и против нив да не се покренува кривично гонење. (Китанов, Димишковска - Рајковска, Темелкоска, 2014: 19)

Директивата уште појасно го опишува обемот и целта на одредбата за неказнување, Всушност, целта на неказнувањето се состои од потребата жртвите на трговија со луѓе, во согласност со основните начела на правните системи на релевантните држави членки, да бидат заштитени од кривично гонење или санкционирање за криминални активности како што се користење на лажни документи, или кривични дела кои произлегуваат од законот за проституција или имиграција, кои тие биле принудени да ги извршат како директна последица на фактот дека биле предмет на трговија со луѓе. Целта на таквата заштита е да се заштитат човековите права на жртвите, да се избегне дополнителна виктимизација и тие да се поттикнат да истапат како сведоци во кривични постапки против сторителите.

Оваа Директива ќе придонесе за засилување на правата на жртвите од криминал и гаранција за остварување на правата во кривичната постапка и пристап до права и услуги за поддршка и компензација.

Меѓу другото, иновативните карактеристики на Директивата вклучуваат воспоставување индивидуална процена на специфичните потреби на секоја жртва. Обврската на земјите - членки останува во обезбедување на бесплатни услуги на жртвите и добивање информации за своите права на, за нив разбирлив јазик. Директивата се насочува и кон полот на лицето, родовиот идентитет и родовото насилство кое подразбира форма на дискриминација и повреда на основните слободи на жртвата вклучувајќи го и сексуално насилство (силување, сексуален напад и малтретирање), трговија со луѓе, ропство, и различни форми и практики, како присилни бракови. Сè истакнува дека жените жртви на родово насилство и нивните деца имаат потреба од посебна поддршка и заштита бидејќи се на висок ризик од секундарна и повторна виктимизација, поврзана со таквото насилство. (Атанасов, 2014: 58-59)

### 3.1.5.Конвенција за сузбивање на трговијата со луѓе и експлоатација и проституција на други

На 2 декември 1949 година, Генералното собрание на Обединетите Нации ја усвои Конвенцијата за сузбивање на трговијата со луѓе и експлоатација и проституција на други, која стапи сила по речиси две години, односно на 25 јули 1951 година. Конвенцијата е првиот меѓународен документ кој дава дефиниција на трговијата со луѓе од аспект на проституцијата. Имено, според Конвенцијата трговијата со луѓе опфаќа, а со тоа и се казнуваат лицата кои се занимаваат со набавување, измамување или водење надвор за проституирање на друго лице, дури и ако тоа лице се согласило, или експлоатација на проституција на друго лице, дури и со негова согласност. (Станојоска, 2011: 200-201)

Исто така, ова е првиот меѓународен документ кој дава дефиниција на трговијата со луѓе од аспект на проституцијата.

Конвенцијата претставува унификација на претходно донесените правни акти кои се донесени од страна на Друштвото на народите, а се однесуваат на оваа област. Конвенцијата ја промовира заштитата од трговијата со „бело робје“ и заштитата заради проституција, која сè проширува на двата пола, и мажите и жените, и како на малолетните лица, така и на возрасните. Понатаму, со Конвенцијата, покрај тоа што се проширува заштитата на двата пола, посебно се нагласува и заштитата на децата и малолетниците, без можности за ослободување од одговорност, но и се проширува заштитата од трговијата со бело робје и човечки суштества. (Арнаудовски, Стојановски, 2002: 79-89)

Конвенцијата стриктно повикува за укинување на борделите и проституцијата, но не ја забранува проституцијата, туку единствено го инкриминира користењето на услуги од страна на клиентите. Сепак, голем чекор е тоа што со оваа Конвенција се прави обединување на неколку правни акти донесени од страна на Друштвото на народите. (Иванова, 2011: 19)

Во литературата може наиде на критики во врска со оваа Конвенција кои се насочени кон фактот што е ратификувана од страна на помалку од половина земји - членки на Обединетите Нации, но и поради слабиот и неефикасен систем за имплементација и мониторинг. Друг проблем е фактот што жртвите на трговијата со луѓе може да бидат репатрирани доколку протерувањето е предвидено со закон, но и

проблемот во врска со тоа дека жртвите немаат процедурално право да учествуваат во постапката против трговците со луѓе, освен ако националниот закон им го дозволува тоа. (Galiana, 2000: 40)

### 3.1.6.Препорака на Советот на Европа за трговија со жени и присилна проституција

Парламентот на Советот на Европа, во 1997 година, ја донесе Препораката 1325 за трговија со жени и присилна проституција во државите - членки на Советот на Европа. Со Препораката, трговијата со жени и присилната проституција се определуваат како секој илегален или легален транспорт на жени и/или продавање на жени, со или без нивна претходна согласност, со цел стекнување на профит, заради присилна проституција, присилно склучување брак или друг вид на присилна сексуална експлоатација. Примената на сила во овој контекст означува „физичко, психичко и/или сексуално насилство врз жртвата, вклучувајќи застрашување, силување, злоупотреба на положбата или позицијата на зависност“.

Целта на Препораката е јасна и е насочена кон заштита на жената, од нејзино продавање и искористување за целите на присилната проституција. (Ćopić, Nikolić – Ristanović, 2002: 36-37)

## 3.2.Новитети од областа на трговијата со луѓе на ниво на Европската унија

Европскиот парламент ја усвои Директивата 2012/29/ЕУ за воспоставување минимални стандарди во делот на правата, поддршката и заштитата на жртвите од криминал (Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime). Оваа Директива преку поставување на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривичните дела ќе придонесе за засилување на правата на жртвите од криминал и гаранцијата за остварување на правата во кривичната постапка и пристапот до права и услуги за поддршка и компензација. Меѓу

другото, иновативните карактеристики на Директивата 2012/29/ЕУ вклучуваат воспоставување индивидуална процена на специфичните потреби на секоја жртва. Обврската на земјите - членки останува во обезбедување на бесплатни услуги на жртвите и добивање информации за своите права на, за нив разбирлив јазик. Директивата жртвите на трговија со луѓе ги препознава како специјална ранлива категорија на која треба да и се посвети посебно внимание. (Vajda, Prtenjača, Maršavelski, 2016: 992)

Директивата се насочува и кон полот на лицето, родовиот идентитет и родовото насилство кое подразбира форма на дискриминација и повреда на основните слободи на жртвата вклучувајќи го и сексуално насилство (силување, сексуален напад и малтретирање), трговија со луѓе, ропство, и различни форми и практики, како присилни бракови. Се истакнува дека жените жртви на родово насилство и нивните деца имаат потреба од посебна поддршка и заштита бидејќи се на висок ризик од секундарна и повторна виктимизација, поврзана со таквото насилство.

Европскиот совет ја донесе и Стратегијата на Европската Унија 2012 - 2016 година во насока на искоренување на трговијата со луѓе, која се фокусира на конкретни акции што поддржува и дополнување на имплементација на законодавството на Европската унија за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите .

Стратегијата на Европската унија е практичен инструмент за решавање на главните потреби и предизвици во унијата за период од пет години од областа на човековите права и родово - специфична перспектива која идентификува пет приоритети и низа иницијативи:

- зајакнување на идентификација, заштита и помош на жртвите, со посебен акцент на децата,
- засилено спречување на трговијата со луѓе и намалување на побарувачката,
- засилен кривичен прогон на трговците со луѓе,
- подобрување на координацијата, соработката и кохерентност во рамките на Европската унија со меѓународни организации, како и со трети земји, вклучувајќи ги граѓанското општество и приватниот сектор,
- зголемување на знаењето од оваа област, а со тоа и ефикасен одговор на новите трендови на трговијата со луѓе.

# IV.КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЕУ

## 4.1.Компаративна анализа на стратегиите за борба против трговијата со луѓе во земјите од ЕУ

### 4.1.1.Хрватска

Бидејќи Република Хрватска има своја специфична положба како држава која ги поврзува земјите од Југоисточниот и Западниот дел на Европа, оваа држава се препознава како транзитна земја, а во помала мера и како извор и дестинација за трговија со жени и девојки. Жртвите најчесто потекнуваат од Русија, Србија, Црна Гора, Романија, Босна и Херцеговина и другите делови од Источна Европа. Со нив најчесто се тргува на територијата на Западна Европа.

Главна карактеристика на трговијата со жени и деца во Хрватска е разликувањето на две етапи (Doležal, 2007: 1403):

- ✓ во првата половина на дваесеттите години на XX век трговијата со луѓе била концентрирана во Загреб и неговата околина, а главниот пат за влез на жртвата на трговијата со луѓе водел низ Унгарија.
- ✓ подоцна, во другата етапа, неколку патишта од Босна и Херцеговина ја замениле „украинската рута“.

Со цел за справување на ваквата состојба со трговијата со луѓе, во 2002 година, Хрватска влада го основала Националниот одбор за сузбивање на трговија со луѓе. Станува збор за тело кое има значајна улога во заштитата на човековите права. Но владата исто така донесе и повеќе Национални планови за сузбивање на трговијата со луѓе (2002; 2005-2008; 2009-2011; 2012-2015). (Vargek, Matak, 2012)

Во однос на инкриминацијата, сè до 2004 година во казненото законодавство на Република Хрватска не постоеше казнено дело трговија со луѓе. Меѓутоа, со новелата од

2004 година на Казнениот Законик беше инкриминирана трговијата со луѓе и ропството во членот 175 од истоимениот законик. (Kazneni zakon, „Narodne novine“ broj 125/11, 144/12)

Од криминолошки аспект, во однос на оваа држава, голем проблем претставува следењето на трговијата со луѓе и воспоставувањето на веродостојна статистика од причина што темната бројка на овој криминалитет е превисока. Сепак, според Извештаите на Стејт департманот од 2012 година („Trafficking in persons report“, U.S. State Departmenta, 2012) Хрватска се споменува како транзитна и како држава на потекло, а особено како држава на дестинација. Како најчести облици на искористување се наведуваат присилниот труд и проституцијата. (Markušić, 2014: 15)

Положбата на Хрватска во однос на трговијата со луѓе е претставена во следниот графикон 1.




Графикон 1: Положбата на Хрватска според Стејт Департментот за периодот од 2006 до 2013 година

Хрватска со Ивештајот на Стејт Департментот од 2013 година од групата Тиер 1 премина во групата Тиер 2, а тоа е последица од нејзиниот влез во Европската унија и строгиот режим на нејзините институции (http://www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/index.htm). Денес, исто така, се вбројува во Тиер 2, односно во земјите кои делумно ги исполнуваат минималните стандарди за трговијата со луѓе.

Од друга страна, во врска со сторителите на кривични дела, според Државниот завод за статистика, трговијата со луѓе во Хрватска речиси и да не постои. Бројот на сторители на годишно ниво е под пет. Во оваа смисла интересно е да се забележи дека во периодот од 2011 до 2014 година се забележани само неколку случаи на трговија со луѓе.

Така, во 2011 година, само едно лице било осуден за кривично дело трговија со луѓе (Državni zavod za statistiku, 2011: 114, 151), во 2012 година две лица (Državni zavod za statistiku, 2012: 143), во 2013 година само едно лице (Državni zavod za statistiku, 2013: 147) додека во 2014 година четири лица биле осудени за ова кривично дело (Državni zavod za statistiku, 2014: 147).

Неодамнешниот прием на оваа земја во Европската Унија ја преориентира во матична земја, како и земја на транзит и земја дестинација кога станува збор за трговија со луѓе. Хрватските жени и девојки сѐ почесто се изложени на ризик на сексуална трговија во земјата и во другите места во Европа. Маргинализираните ромски деца и понатаму се изложени на ризик од присилно питачење во Хрватска и низ цела Европа.

Исто така, во претходните години, мигрантите во транзит, особено од Авганистан и од Пакистан, се принудени да вршат должничко ропство од нивните шверцери со цел да ги платат шверцерските такси.

#### 4.1.2.Бугарија

Проширувањето на Европската унија кон Бугарија и затегнувањата на границите низ јужна Европа дополнително ја комплицираат ситуацијата во регионот со трговијата со луѓе. Имено, статистиката покажува дека за првите шест месеци на 2018 година во Бугарија се идентификувани над 330 жртви на трговијата со луѓе. Најголем дел од нив се жени, робови на сексуална експлоатација. По нив се подредуваат жртвите на трудовата експлоатација и жените кои патуваат во странство и си ги продадат своите новороденчиња. (https://www.dnes.bg/obshtestvo/2018/10/18/bylgariia-sred-vodeshtite-strani-po-trafik-na-hora-v-evropa.390919)

Светската статистика објави дека Романија и Бугарија се меѓу главните земји на потеклото на трговијата со луѓе во Европа. Причините се сиромаштијата, социјалната исклученост и прераното напуштање на училиштата.

Масовните експлоататори користат социјални мрежи со цел да ги пронајдат своите жртви, но и преку социјалните мрежи да ги контролираат. Се претпоставува дека, на

глобално ниво, 29 милијарди евра генерира овој вид на криминал. (https://www.dnes.bg/obshtestvo/2018/10/18/bylgariia-sred-vodeshtite-strani-po-trafik-na-hora-v-evropa.390919)

Главните дестинации за жртвите на трговија со луѓе од оваа земја се земјите од Европската унија, а првенствено Австрија (Виена, Грац, Салцбург), Белгија (Брисел, Антверпен, Гент), Германија (Берлин, Хамбург, Визбаден, Сарбрикен, Штутгарт, Манхајм, Ахен, Дортмунд, Кобленц), Франција (Лион, Бордо, Париз, Марсеј, Стразбур, Тулуз, Ница), Холандија (Амстердам, Гронинген, Кеннемерланд, Леуварден, Хаг и Утрехт), Шпанија, Италија, Норвешка, Швајцарија и Полска. Жртвите се регрутирани од сите региони во земјата, но најголем број се жртвите од регионите на Сливен, Пловдив, Пазарџик, Варна, Бургас, Добрич, Трговиште, Шумен, Разград, Хасково и Софија. (Василева, 2010: 68)

Постои позитивен тренд на бројот на осудени лица. За 2009 година, за 91 обвинето лица биле донесени 110 обвиненија, од кои за 101 се во сила пресудите. Статистичките податоци за 2008 година покажуваат 69 осудени од 87 обвинети лица (или 79,31%), од кои за 51 лице пресудата е во сила. Во 2009 година се случило зголемување на бројот на жртви на трговија со луѓе, како и бројот на малолетници меѓу нив, наспроти претходните години во кои е забележано намалување. За 2009 година жртви на трговија со луѓе се 316 лица, од кои 294 се жени, 55 се малолетни, а 22 се мажи (две малолетни лица). За 2008 година, жртви на трговија со луѓе се 250 лица, од кои 240 жени (38 малолетни лица) и 10 мажи. За 2007 година тоа се 288 лица, вклучувајќи 223 жени (53 малолетници) и 12 мажи. За 2006 година, тоа се 329 лица, од кои 313 жени (61 малолетник) и 16 мажи (еден малолетник).

Објавените извештаи на Европската комисија покажуваат дека Бугарија, Холандија, Полска, Унгарија и Романија се петте држави од Европската унија, во кои се откриваат најмногу жртви на трговијата со луѓе , а особено за периодот 2010-2012 година. Извештајот покажува дека најчесто жртвите се привлекувани со ветувања за добро платена работа, а неретко и преку интернет. Во повеќето случаи жртвите биле принудувани, доведувани во заблуда или ставани во услови на задолженост кон шверцерите. Трговците со луѓе најчесто се Бугари, Романци, Белгијци, Германци, Шпанци, Нигеријци, Турци, Албанци, Бразилци и Мароканци. Додека пак, според

статистиката на Европската комисија, најчесто жртви на трговијата се жени или дури 80% од вкупно 30.146 откриени случаи во посочениот период.

Положбата на Бугарија во однос на трговијата со луѓе е претставена во следниот графикон 2.




Графикон 2: Положбата на Бугарија за периодот од 2006 до 2010 година

Најчеста форма на трговијата со луѓе во Бугарија претставува трговијата со жени и деца заради сексуална експлоатација. Проституцијата се чини дека е вистински проблем поради зависноста помеѓу платените услуги и организираниот криминал, и второ, поради врската помеѓу проституцијата и трговијата со луѓе. Приближно 70% од жртвите на трговијата биле цел на сексуална експлоатација, од кои речиси сите (или 95%) се жени. Мажите се главните жртви на трговијата со луѓе, кои биле подложени на работна експлоатација (71%).

### 4.1.3.Грција

Република Грција е една од најстарите држави во светот, а нејзината античка култура влијаела на развојот на цела Европа. Културата на патријархатот која доминирала во Античка Грција била детерминирана од положбата на жената која служела единствено за создавање семејство и немала никакви права. Ваквата положба на жената создаде неуспешни обиди за легализација на проституцијата со цел да се обезбеди борбата со трговијата со жени. Меѓутоа, обидот остана неуспешен.

Грција е одличен пример дека недостатокот на пари носи нови проблеми, а последниот проблем на земјата е трговијата со жени.

За бројот на жртвите зборуваат податоците од Министерството за граѓанска заштита кои се прикажани во следниот графикон:




Графикон 3: Бројот на жртви на трговија со луѓе во Грција за периодот од 2003 до 2010 година

Начелно, во Република Грција 40 000 жени и деца помеѓу 12 и 25 години се тргуваат секоја година, додека 100 до 200 од нив се идентификувани како жртви. Неспособноста за идентификација на жртвите е примарниот проблем.

Литературата вели дека жртвите на трговија со луѓе се соочуваат со злоупотреба и ментални трауми слични на оние со кои се соочуваат воени затвореници. Се претпоставува дека економската криза, не само во Грција, туку и во целиот свет, е главната причина што луѓето се ставаат на оваа позиција.

### 4.1.4.Италија

Со економската криза која ја зафати Европа, експертите предупредија дека црниот пазар за човекови органи, традиционално во Кина, Индија, Бразил и на Филипините, се шири во западните европски држави како што се Грција, Шпанија, Италија и сиромашните Балкански држави.

Имено, најзастапен вид на трговија со луѓе во оваа земја е трговијата со органи. Сѐ смета дека околу стотина малолетни деца се киднапирани, а многу доктори се вмешани во продажбата на органи и се дел од мрежата која дејствува преку Италија, Грција и Република Македонија. Сѐ претпоставува дека одреден број на хирурзи кои работеле за италијанската мафија им ги отстранувале органите на децата и потоа ги праќале во Италија. Всушност, албанските хирурзи повеќе оперирале и им ги отстранувале органите на деца од 4 до 12 годишна возраст бидејќи нивните органи биле поразвиени и повеќе барани на црниот пазар.

### 4.1.5.Унгарија

Денес, Унгарија, во однос на прашањето за трговијата со луѓе е првенствено транзитна земја. Се проценува дека секоја година околу 150 000 лица транзитираат низ унгарското пространство првенствено заради целите на присилната проституција. (Farmer, 2010)

Сепак, според Извештаите на Стејт Департманот се покажува дека Унгарија е воедно и земја на дестинација, а најмногу жени се тргуваат од Романија, Бугарија, Молдавија и Украина. Според една студија, пак, на UNODC од 2009 година, се покажува како Унгарија има најниска стапка на пресуди за трговија со луѓе, и тоа 0.24 на 100 000 жители, кои резултати се поразителни земајќи го предвид бројот на жртви кој се претпоставува на годишно ниво. (UNODC, 2009: 9)

### 4.1.6.Холандија

Холандија ја инкриминира трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација, присилна работа и работа под услови кои упатуваат на ропство. Односно се казнува секој облик на регрутирање, односно врбување на лице за занимавање со проституција или организирање проституција со примена на сила, принуда или злоупотреба на моќ. (Ćopić, Nikolić – Ristanović, 2002: 40)

Националните Извештаи за трговија со луѓе укажуваат дека во Холандија отсекогаш постоела тесна поврзаност помеѓу проституцијата и трговијата со луѓе и дека главната причина за легализација на проституцијата е единствено да се совлада трговијата со луѓе. Иако е ова добар аргумент, статистиката покажа нешто друго. Имено, статистичките податоци за периодот од десет години се приложени во следниот графикон 4 (Human Trafficking – ten years of independent monitoring: 111):




Графикон 4: Бројот на жртви на трговија со луѓе во Холандија за периодот од 2000 до 2010 година

Прикажаниот табеларен приказ укажува дека трговијата со луѓе во оваа држава е во перманентен пораст. Зачудувачки е фактот што Холандија според извештаите на Стејт

Департментот ги исполнува минималните стандарди за борба против трговијата со луѓе, но бројот на идентификувани жртви секоја година е во агресивен пораст.

Карактеристично за Холандија е тоа што оваа држава е првата земја која воведе дозвола за привремен престој за жртвите на трговијата со луѓе (Galiana, 2000:55). Потеклото на жртвите најчесто е од Унгарија. (Nikolič – Ristanovič, 2002: 4)

Најважната причина за легализација и регулирање на проституцијата е борбата против трговијата со луѓе. Логиката на легализација е дека лиценцираните проститутки ќе ја потиснат побарувачката за секс разбојници и нелегални проститутки. За жал, Холандија не престана да се идентификува како земја на потекло. Бројот на случаи на жртви на трговија со луѓе во Холандија, дури и секоја година е во пораст (Eurostat 2013, Eurostat 2015).

Според некои, бројот на жртви на трговија со луѓе годишно е неколку пати поголем и изнесува од 1000 до 7000 жртви на трговија со луѓе, а во последните неколку години голем број бордели биле затворани под сомневање за криминална активност. Иако полицијата се бори против трговијата со луѓе, секоја година спасува сè повеќе жени кои се принудени да се проституираат, поради што тешко е да се оспори како легализацијата првично навистина доведе до намалување на стапката на трговија со луѓе, но сепак криминалците се прилагодија на новите услови.

Мерката која има за цел да го потисне овој феномен е дека корисниците на нелегалнаа (незаконска) проституција добиваат построги казни, но ова е мерка што повлекува сè повеќе несакани ефекти. Сепак, високиот процент на откриени жртви на трговија со луѓе, исто така, може да значи дека овој политички модел на сексуална работа им олесни на државните власти да ги откријат случаите на присилна проституција и трговија со луѓе. Имено, редовните контроли во борделите и зголемувањето на довербата во полицијата дава можност за откривање на жртвите на експлоатација многу побрзо и поефикасно отколку во случаите кога сите организирани криминални дела се случуваат далеку од очите на законот. (Vargek, Matak, 2012: 73)

### 4.1.7.Германија

Од 2017 година, во Република Германија федералната полиција започнала голема операција каде со помош на 570 полицајци се пребарувани станови на осомничени за учество во трговија со луѓе. Имено, претресени се 47 станови кои се наоѓаат на подрачјето на Берлин, Бранденбург и Северна Рајна – Вестфалија и притоа се уапсени четири лиза кои се осомничени за договарање на 200 лажни бракови. (https://standard.mk/golema-operacija-vo-germanija-protiv-trgovcite-lugje/)

Меѓутоа, во годините претходно според достапните статистичките податоци за Република Германија може да се заклучи дека бројот на жртвите во последните години стагнира. (Графикон 5)




Графикон 5: Бројот на жртвите на трговијата со луѓе во Германија од 2001 до 2009 година

Ваквата стагнација се должи на легализирањето на проституцијата, како последица од тешкото докажување дека жртвата е сексуално искористувана. На овој начин, всушност, трговијата со луѓе се крие зад легализираната проституција. Поради тоа може да заклучиме дека легализацијата на проституцијата не придонесе за намалување на трговијата со луѓе, туку напротив, даде голем придонес за потешкотиите при идентификацијата на жртвите. (Vargek, Matak, 201: 36-40)

# V.СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 5.1.Правна регулираност на трговијата со луѓе во македонското законодавство

Република Македонија е една од првите земји во регионот која изврши значајни законски реформи за ефективна борба против трговијата со луѓе, а воедно има и воспоставено одговорен, оперативен и координативен систем во согласност со релевантните меѓународни конвенции и протоколи. Ефикасниот и координиран стремеж во борбата против трговијата со луѓе истовремено е синхронизиран и од страна на националната мултисекторска координативна Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Исто така, на национално ниво е развиен и специјален систем на упатување на жртвите од трговијата со луѓе во специјални центри. Со цел обезбедување на највисоко ниво на усогласеност со меѓународните стандарди и најдобрите пракси во оваа сфера беа изменети голем број на закони. А што се однесува до невладиниот сектор кој е инволвиран на ова поле, е со зголемен капацитет и на дневна основа обезбедува услуги за заштита на жртвите и помош, дополнувајќи ги на тој начин владините сеопфатни напори во борбата против трговијата со луѓе. Во најголемиот дел од извештаите, нашата држава е опишана како земја која е целосно посветена на реформите во областа на борбата против трговијата со луѓе, исполнувајќи ги во најголем дел законските барања и пракси во врска со инкриминацијата на трговијата со луѓе, заштитата и помошта на идентификуваните жртви, што впрочем и произлегува од ратификуваните меѓународни конвенции и протоколи. (Данаилов, 2011: 7-8)

Меѓутоа, во последните неколку години, бројот на откриени жртви - државјани на Република Македонија е зголемен, а особено од југоисточниот и западниот дел на нашата земја. Извештаите, во голем број на случаи, ја потврдуваат социјалната сиромаштија како еден од најважните и најглавни фактори кои придонесуваат жртвите да завршат во внатрешната мрежа на трговијата со луѓе. Исто така, потврдена е и родовата застапеност на сметка на жените како жртви во сеопштата стапката на националната сиромаштија, која

е многу висока, особено во руралните подрачја, ниско развиените региони, меѓу етничките малцинства (Роми), социјално исклучените лица, невработените, итн. Сегашната ситуација во земјата, исто така, го открива зголемениот ризик меѓу населението погодено од социјалната сиромаштија и групите каде најпогодени се малолетниците од средините со висок индекс на сиромаштија. (Данаилов, 2011: 7-8)

Во таа насока, во јули, 2007 година, Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со Протоколот. Во однос на законската регулираност на трговијата со луѓе, Кривичниот законик во повеќе членови го регулира прашањето за трговија со луѓе. Така, во член 418. за кривичното дело *Засновање ропски однос и превоз во ропски однос* е предвидена казна затвор од најмалку пет години. Кривичното дело *Трговија со луѓе* е регулирано во член 418-а, во кој е наведено дека „тој што со сила, со сериозна закана доведува во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години”. Со казна затвор од шест месеци до пет години ќе се казни тој што користи или на друг му овозможува користење сексуални услуги или друг вид експлоатација од лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе. Доколку ова, кривично дело го стори службено лице во вршењето на службата ќе се казни со затвор од најмалку осум години. Во член 418-б е предвидено кривичното дело *Криумчарење со мигранти* за кое е предвидена казна затвор и до девет години, ако делото го стори службено лице во вршењето на службата. Кривичното дело *Организирање група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе*, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти е предвидено во член 418-в и за него е предвидена казна затвор и до десет години. За кривичното дело *Трговија со малолетно дете*, под кое се дефинира врбување, превезување, пренесување, купување, засолнување

или прифаќање малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или сличен однос или недопуштено пресадување делови од човечко тело (член 418-г) е предвидена казна затвор од најмалку десет години.

Од суштинско значење при превенцијата и процесирањето на случаите на трговија на луѓе е да се стави посебен акцент на поврзаноста на лицата вклучени во овој криминален синџир со корупцијата, која покрај злоупотребата на службената должност опфаќа и директна инволвираност на службените лица од надлежните органи, особено поради високиот степен на корупција во земјата.

Во однос на жртвите на трговијата со луѓе, нашето законодавство е во линијата со Директивата 2011/36/ЕУ која предвидува државите членки во согласност со основните начела на нивниот правен систем, да преземат неопходни мерки за да обезбедат дека надлежните национални органи имаат овластување да не ги гонат кривично или да не изрекуваат казни за жртвите на трговијата со луѓе поради нивната вклученост во криминални активности на кои тие биле присилени да ги извршат како директна последица на фактот што биле предмет на кои било од кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе. Имено, оваа директива најконкретно го истакнува начелото на неказнување на жртвата на трговијата со луѓе, кое начело го поддржува и нашето позитивно законодавство.

Меѓутоа, потребата од реформи секако дека постои. Реформите во оваа сфера покрај целосното прифаќање и имплементација на меѓународните и европските правни стандарди треба да содржи и овозможување на нивна целосна имплементација преку воспоставување на соодветни институции, како и реформа на процесното законодавство.

## 5.2.Основни субјекти за спречување на трговијата со луѓе во македонското законодавство

Феноменот на модерното ропство е комплексно прашање кое ја наметна потребата да биде третирано во контекст на сузбивањето на организираниот криминал, но и во контекст за превенција и казнување поради повредата на човековите права. Притоа, од особена важност е секоја активност за сузбивање на трговијата со луѓе да биде координирана мултидисциплинарно, со вклучување на повеќе надлежни органи, на меѓународните организации и на невладиниот сектор.

Во услови на глобална миграција неопходно е на меѓународен план да се усвои пакет на политики и мерки кои треба да дадат резултати во сузбивањето на овој феномен. Притоа, се посочува дека не е доволно сузбивањето на трговијата со луѓе да се изврши само во развиениот запад, каде вообичаено се упатуваат жртвите на трговијата, туку дека се потребни ефикасни конфронтирачки мерки против условите кои придонесуваат за појава на овој проблем во земјите од каде потекнуваат жртвите, како што се:

- намалување на сиромаштијата,
- развивање проекти за создавање работни места и соодветно образование и обука,
- медицинска и социјална заштита, како и
- зајакнување на демократските институции и владеење на правото како предуслови кои се суштински и кои стојат зад трговијата со луѓе.

*Субјекти* кои делуваат на полето на сузбивање на овој криминалитет се следниве институции и организации кои имаат надлежности во следењето, сузбивањето и преземањето на мерки и активности за спречување на трговијата со луѓе, односно механизми за борба против трговијата со луѓе: Полицијата, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Кривичниот суд, Управа за извршување на кривичните санкции, Министерство за труд и социјална политика, разни сектори во рамките на МВР, Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе, Прифатниот центар за странци, меѓународните организации, невладините организации, како и Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција (владино

тело кое ги координира поголем дел од горенаведените актери), Секретаријатот на Националната комисија, Националниот известувач и сл. Сосема е основано тоа што во првите редови на спротивставувањето на трговијата со луѓе активностите првенствено се препуштаат на Полицијата, потоа Јавното обвинителство и Судот на национално ниво, но и на некои меѓународни полициски организации на меѓународно ниво. (Bošović, 2000: 132)

Субјектите кои се борат против овој криминал посочуваат дека е тешко да се даде точната бројка на луѓе кои се предмет на трговијата. Полицијата, невладиниот сектор и меѓународните организации се сложни дека не постои прецизна статистика за ова и дека пазарот со робови егзистира и во денешно време. Она што, според експертите за човекови права, е надвор од секоја логика е што општеството ја толерира оваа модерна форма на ропство, иако трговијата со луѓе е дефинирана како кривично дело. Трговијата со луѓе, или модерните трговци со робови, оперираат преку организирани мрежи за врбување луѓе применувајќи груби практики на искористување на ранливите групи или на поединци, најчесто жени и деца, преку експлоатација, насилство, закана, присилба.

Вклученоста на службените лица од надлежните органи во трговијата со луѓе може да се манифестира на повеќе начини. На пример, преку пасивност, игнорирање, толерирање, одбегнување за преземање акции, но и преку активна опструкција на истрагата, на постапката за обвинување, на судските процедури, преку откривање или дури и продавање на информации кои можат да послужат за олеснување на трговијата со лица, или преку издавање доверливи податоци. Притоа, често се поставува прашањето кои се причините за ваквите активности на службените лица? Дали тоа е производ на недостаток на совест за ваквите дејства и последиците од нив или поради недостаток на капацитет и вештини, а како последица на несоодветната кадровска политика? Вклученоста на службените лица во овој криминален синџир се врши преку повреда на службената должност, учество во корупција или во организиран капитал.

Едно од суштинските прашања кое се поставува во овој контекст е следното прашање: Кој се учествува во овој криминален синџир? Неспорно, одговорот е дека многу органи и поединци се вклучени во трговијата со луѓе поради корупцијата која е дел од овој криминален синџир. Така, во овој синџир можат да се најдат и членови на собранието, владини функционери, службени лица од полицијата, царинската управа,

граничната полиција, службите за имиграција, истражните органи и другите органи на прогонот, обвинителите, истражните судии, судиите, локалните јавни службени лица, службените лица од државната безбедност, од службите за сигурност, но и лица, групи и страни со „влијание”.

Организираната трговија со луѓе е многу поуспешна онаму каде постои системска корупција, коруптивни врски и коруптивни мрежи, како и високо ниво на корупција во соодветната земја. Постои тесна поврзаност помеѓу нивото на корупција на земјата и трговијата со луѓе. Така, трговијата со луѓе е поприсутна во земјите со високо ниво на корупција, со ниски стандарди и неефикасни институции и резултати против трговијата со луѓе. (Вељаноски, 2015: 100)

Спречувањето на корупцијата е од круцијално значење за успехот на трговците со луѓе. Трошоците дадени за корупција се едни од најсуштинските ставки за трговците со луѓе, а износот на поткупот постојано оди во нагорна линија, кон командата на синџирот. Неспорно е дека корупцијата поврзана со трговијата со луѓе има непосредно влијание врз човековите права. Големото влијание на корупцијата врз трговијата со луѓе се должи првенствено на институционалните слабости и на недостатокот од капацитет на надлежните органи да се справат со овие проблеми. (UNODC, 2011)

За поуспешна борба против трговијата со луѓе, чија рашireност се должи и на корумпираноста на оние кои треба да се борат против ова зло, меѓународните организации бараат од земјите да усвојат стратегии против корупција, но да покажат и политичка волја и лидерство, да усвојат правни рамки против корупцијата, имплементација на легислативата, вклучувајќи и стратегии и акциони планови и други превентивни мерки против корупција, а од исклучителна важност е и подигнувањето на свеста на јавноста против корупцијата.

Очигледно е дека искоренувањето на корупцијата би довело да намалување или пак целосно уништување на трговијата со луѓе.

## 5.3.Трендови на трговијата со луѓе во Република Македонија

Трговијата со луѓе претставува глобален проблем. Трговијата со луѓе ги уништува животите на голем број мажи, жени и деца. Македонија е извор, дестинација и транзитна земја за мажи, жени и деца жртви на трговија со луѓе за сексуални услуги и принудна работа. (Извештај за трговија со луѓе за 2014) Македонија е: земја на потекло од каде жртвите на трговија со луѓе се регрутираат, земја на транзит низ која жртвите се пренесуваат во други земји за експлоатација, земја на дестинација каде се врши експлоатација на странски и домашни жртви. (ИОМ, 2010)

Македонските жени и деца се шверцуваат во внатрешните граници на земјата. Странските жртви кои се предмет на присилна проституција или на принудна работа во Македонија се со потекло од: Албанија, Бугарија, Србија, Украина и Косово. Македонците, пак, се подложени на принудна работа и трговија со луѓе за сексуални услуги во Европа. Децата, вклучувајќи ги етничките Роми, се подложени на принудно питачење на улиците и на јавните пазари.

Република Македонија во изминатиот период има направено значајни напори во зајакнување на мерките во борбата против трговија со луѓе, сепак трендот на трговијата продолжува со извесно зголемување во однос на претходните години. Токму поради тоа неопходно е континуирано градење на системот за заштита и унапредување на активностите за борба против трговијата со луѓе, и систематизирање на процесот на реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

На меѓународно ниво како главна карактеристика за нашата држава се наведува трфикувањето со девојчиња од ромската популација кои се одведуваат најчесто во Италија со цел за нивно искористување во секс - индустријата и питачење. (UNICEF, 2002: 78)

Други карактеристики со кои може да се сретнеме во литературата се следниве (Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, 2015: 2):

- појава на внатрешна трговија со луѓе (намален број на странски жртви, но зголемен број на жртви - државјани на Република Македонија);

- најзастапен вид е трудовата и сексуалната експлоатација во угостителските објекти, како и трудовата експлоатација (питачење, работа во угостителски објекти - барови и во сточарството);
- забележително зголемување на трговијата со малолетни лица (зголемен број на малолетни жртви на возраст од 14-18 години);
- сторителите се најчесто сопственици на угостителски објекти (државјани на Република Македонија).

Согласно статистиката на Министерството за внатрешни работи, претставена подолу во графиконот 1, бројот на вкупно пријавените, обвинети за кривичното дело трговија со луѓе, на територија на Република Македонија од 2000 година до 2010 година генерално бележи континуирано зголемување. Во еден дел на графиконот, може да се забележи дека согласно со истражувањата кои се спроведени постои опаѓање на бројот на предмети во 2000 година и 2001 година. Тука не смееме да заборавиме дека опаѓањето на бројот на предмети во 2000 година и 2001 година е последица на конфликтниот период во делови од територијата на нашата земја каде не постоеше можност за контрола од страна на надлежните органи. Ова би значело дека нашите органи за прогонот немале целосна контрола над целата територија на Република Македонија во смисла на гонењето на сторителите на кривичното дело трговија со луѓе. (Сопронов, 2013: 199-201)

Во периодот од 2002 година до 2004 е забележано континуирано зголемување. Станува збор за податоци кои се дури и повеќе од загиржувачки.



Графикон 1 – Трговија со луѓе во периодот од 2000 до 2010 година во РМ

Извор: Статистика на МВР

Во наведениот период, класичниот и прилично јавниот начин на вршење на кривичното дело во реализација со ноќните барови, се заменува во нови форми и нов таен начин на делување преку користење салони за убавина, салони за масажи, агенции за вработување и други слични објекти. Водено, од годишните извештаи на МВР и другите надлежни органи како и од одредени извори се бележи зголемување на домашните жртви на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација. Во бројните полициски извештаи и судските обвинителни акти во врска со кривичните дела трговија со луѓе и посредување при вршење на проституција се споменуваат голем број на ноќни барови од Тетово и тетовско, како и од Гостивар и гостиварско, струшко и охридско, во кои било вршено присилно давање сексуални услуги од страна на жртвите, а од индивидуалните изјави можеме да забележиме дека постои соработка помеѓу ноќните барови и нивна взаемна соработка во однос на жртвите. Ноќните барови при примање - предавање на жртвите се користеле со техниката на купување и продавање или пак само со размена на една жртва со друга, така кажано глава за глава. Од ова произлегува дека според нејзината природа, трговијата со луѓе, секогаш е мошне добро организирана и вклучува најмалку три заинтересирани страни за лесна добивка, а мал ризик, и тоа *продавач*, потоа *транспортер* и *купувач*. Корисно би било да се напомени дека во предметите пред судовите се јавуваат како обвинети едно или две лица, но во кривично - правниот настан најчесто учествуваат барем четири други лица (особено следејќи ги изјавите на жртвите и нивното движење во купопродажбата и услугите кои биле барани од жртвата). Влезот во Република Македонија на жртвите е најчесто илегален преку шумски предели и полиња, со помош на товарни возила или посебни автобуси и камиони, како и со товарни возови и моторни чамци, но се одвива и преку воздушниот сообраќај. (Сопронов, 2013: 199-201)

За трендот на бројот на жртвите на трговија со луѓе (Табела 1) може да кажеме дека во 2013 година го достигнува максимумот со 15 жртви од кои 9 деца и 6 возрасни, а потоа се бележи пад. Меѓутоа, генерално може да се забележи дека во 2018 година постои тренд на зголемување од однос на годините пред тоа.

| | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни |
| **Домашни** | 6 | 1 | 12 | / | 6 | 4 | 4 | / | 8 | 1 | 6 | 1 | 3 | / | 3 | 2 | 2 | / | 5 | 3 |
| **Странски** | 1 | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 | / | 1 | / | 1 | / | 1 | / | / | 1 | / |
| **Вкупно** | 7 | 1 | 12 | / | 7 | 5 | 5 | 3 | 9 | 6 | 6 | 2 | 3 | 1 | 3 | 3 | 2 | / | 6 | 3 |
| **Вкупно жртви** | **8** | | **12** | | **11** | | **8** | | **15** | | **8** | | **4** | | **6** | | **2** | | **9** | |
| **Потенцијални жртви** | / | | / | | / | | / | | 82 | | 83 | | 11 | | 122 | | 97 | | xxx | |

Табела 1: Бројот на жртви на трговијата со луѓе од 2009-2018 година

Извор: Статистика на МВР

Според поновите статистички податоци, во 2013 година, надлежните органи извршиле истрага врз еден нов сторител на трговија со луѓе, што е помалку од деветмината во 2012 година. Сè започнал процес на гонење против седуммина обвинети, вклучувајќи и шестмина сторители од 2011 година и 2012 година. Во 2013 година, судот осудил шестмина сторители кои тргувале со деца за сексуални услуги, и еден обвинет за трговија со деца за сексуални услуги и принудна работа, што е помалку од дваесетте пресуди во 2012 година. Во однос на жртвите на трговија со луѓе, Владата продолжува со напорите да ги заштити жртвите, одвојувајќи средства од државниот буџет наменети исклучиво за заштита на жртвите на трговија со луѓе и обезбедување директна помош. Имено, се идентификувани 15 жртви на трговија во 2013 година, што е повеќе отколку осумте жртви во 2012 година. (Извештај за трговија со луѓе за 2014)

Додека пак, според статистичките податоци за 2014 година, идентификувани се 8 жртви, од кои 6 лица се малолетни (домашни државјани), а 2 лица се полнолетни жртви (едната жртва е домашен државјанин, а другата странски државјанин). Според видот на експлоатација, малолетните жртви се женски лица кои се жртви на присилни бракови и сексуална експлоатација, додека пак, полнолетните жртви, од кои едната е од женски пол и е искористена заради присилен брак, а другата пак, е од машки пол и е искористена заради питачење. (Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, 2015)

## 5.4.Препораки за развој на стратегијата за борба против трговијата со луѓе во Република Македонија

Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Република Македонија, 2013-2016, на пример, препознава дека иако првенствено вниманието било фокусирано на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација, трговија со луѓе вклучува многу други форми на трудова експлоатација за кои, исто така, треба да се подготви соодветен одговор од „поширок спектар на активности“ (Национална стратегија, 2013). Меѓутоа, во практика, на регионот му недостасуваат механизми и услуги за да одговори на повеќе форми на трудова експлоатација.

Најдобриот облик за борба против трговијата со луѓе е превенцијата на овој вид на трговија. Како што трговијата со луѓе е сложена и опасна општествена појава, така и мерките на превенција мора да бидат сеопфатни и да се спроведуваат на координиран начин. Во оваа насока, најсоодветен начин за превенција е *отстранување на причините или факторите кои ја фаворизираат трговијата со луѓе*. Имено, еден од основните фактори кои треба да се елиминира при превенцијата е економската состојба на потенцијалната жртва. Дека овој фактор е еден од најважните ни укажува и Протоколот за трговија со луѓе преку експлицитното спомнување на сиромаштијата, неразвиеноста и непостоењето еднакви можности како основни показатели за оваа појава. Намалувањето на невработеноста и создавањето пристојни можности за заработка се првиот превентивен чекор во таа борба. Имено, со *намалувањето на невработеноста и сиромаштијата*, би се намалила и потребата за миграција на луѓето, која несомнено ја погодува и трговијата со луѓе.

Пристапот на социјалните права, а во прв ред *примањето субвенции и неопходни парични надоместоци* за време на невработеност, како и пристапот на благовремена и соодветна *здравствена заштита,* исто така, е превентивна мерка за сузбивање на оваа појава. Тука, секако спаѓа и *елиминирањето на сите облици на дискриминација* во образованието, вработувањето, социјалните услуги и пристапот до информации. Елиминирањето на социјалната исклученост е, пред сè, превентивна мерка значајна за спречување на повторна виктимизација на жртвата.

Исто така, потребно е да се *елиминираат одредени социјални или културолошки однесувања* карактеристични за одредена средина. Тука, пред сѐ, се мисли на договорените, рани или принудни бракови, како и сите облици на сексуална експлоатација. Исто така, неопходно е да се елиминираат сите културолошки обрасци на некои средини кои влијаат на постапувањето со жената.

Посебно место зазема и *достапноста на правосудниот систем*. Во овој сегмент неопходно е *елиминирање на сите облици на корупција*, со цел за благовремено откривање на организаторите на трговијата со луѓе и адекватно санкционирање во насока на генерална превенција.

*Елиминирањето на политичката нестабилност* кај земјите во транзиција, претставува значаен превентивен аспект во спречувањето на трговијата со луѓе. Стабилноста на политиката, особено елиминирањето на граѓанските немири е важен превентивен фактор за борба против трговијата со луѓе.

Но, и *подигањето на нивото на свеста кај јавноста*, преземањето на *истражувачки дејствија* на овој план и *едукација* за овој феномен, се особено значајни за сузбивање на феноменот наречен модерно ропство.

### 5.4.1.Истражување и собирање податоци за трговијата со луѓе заради целите на превенција

Истражувањето на трговијата со луѓе претставува значаен инструмент за борба против оваа појава. Со помош на овие истражувања се доаѓа до точни податоци за изложеноста на луѓето на овој проблем. На национално ниво, собирањето на податоци за овој општествен феномен ни дава реална состојба во врска со конкретната држава, а со правилна стандардизација на тие податоци може да се изврши споредба на меѓународно ниво.

Истражувањето на трговијата со луѓе е важна алатка за борба против овој феномен. Истражувањата даваат точни податоци за изложеноста на луѓето во овој проблем по сите класификации и како тие податоци можат да бидат класифицирани според утврдените

меѓународни стандарди. Со собирање информации за овој феномен на национално ниво се обезбедува вистински показатели за состојбата на работите. Студиите и збирките на податоци даваат одговор на прашањето дали мерките за сузбивањето на овој феномен се ефикасни. Истражувањето и собирањето податоци во врска со трговијата со луѓе, служи за да се квантифицира бројот на жртви на национално, регионално и меѓународно ниво, со цел да се стандардизираат мерките за сузбивање на оваа појава. (Цмиљанић, 2015: 186)

Феноменот трговија со луѓе може да се набљудува од различни аспекти: кривично - правен, прекршочен, трудово - правен, социолошки, криминолошки, виктимолошки, морален, психолошки и сл. Неговото проучување е потребно заради опишување на карактеристиките на овој феномен, со цел да се создаде сеопфатна слика за борбата против овој криминалитет којашто опфаќа спречување, сузбивање и превенција. Спречувањето, по правило, претставува збир на мерки кои се преземаат од страна на државните органи во кои се содржани елементите на репресија. Сузбивањето, пак, подразбира преземање на сеопфатни општествени мерки и постапки со кои би се влијаело на етимолошките и феноменолошките карактеристики на оваа појава, а превенцијата, пак, ги опфаќа и двете активности, спречување и сузбивање, и подразбира мерки за спречување на понатамошното ширење на појавата. Целосообразноста на борбата против трговијата со луѓе ги опфаќа сите овие три нивоа. Меѓутоа, без конкретна теоретска разработка на овој феномен не е возможно преземање на овие активности. Всушнот, теоретската обработка е основен столб за борба против оваа појава, бидејќи недоволната проученост и мултидимензионалноста на појавата придонесува за преземање на некомплетни и парцијални мерки за сузбивање и превенирање. (Сопронов и Сопронов, 2017: 188-189)

Истражувањата покажуваат дека Република Македонија во целост го исполнува минимумот на стандарди за елиминација на трговијата со луѓе и продолжува со енергично гонење и осудување на престапниците и проактивно вршење истраги за тоа кој сè учествува во синџирот на трговијата со луѓе. Исто така, Владата ефикасно соработува со невладините организации кои на жртвите им нудат помош во прифатилишта и покажува сензитивен пристап со жртвите - сведоци. Единствена слабост претставува процесот на идентификација на жртвите, кое е последица на недостаток од целосно разбирање на сложеноста на феноменот на трговијата со луѓе и потребните вештини за идентификување

на потенцијалните жртви. Но со цел за подобрување на реалната слика, Владата продолжи да се координира со невладините организации во кампањите за подигање на свеста кај пошироката популација. Понатаму, значајни мерки презема и Националната комисија, којашто се состои од 14 претставници од разни владини агенции и која е одговорна за координација на сите активности против трговијата со луѓе, како и за спроведување на националната акциска програма за периодот од 2017 - 2020 година. Националната комисија и невладините организации спроведоа кампања за подигање на свеста како и кампањи во регионите кои се идентификувани како високо - ризични за трговија со луѓе. Националната комисија продолжува да емитува телевизиски кампањи со цел за намалување на побарувачката на клиентите за жртви на трговија со луѓе. (Извештај за трговија со луѓе за 2014)

Владата, исто така, усвои буџет во вредност од околу 346 илјади американски долари за остварување на целите на Националниот акциски план за 2013 година, но и спроведе обука за управување со случаи на трговија со луѓе за здравствените работници, правните застапници на жртвите – малолетници и за над 60 други социјални работници. Во соработка со невладините организации, исто така, организираше над 300 презентации за подигање на свеста, како и работилници во школите за повеќе од 8 илјади ученици. Владата и невладините организации продолжуваат со организација на семинари и со емитување на филмови со кои се подига свеста за трговијата со луѓе. Овие презентации и филмови вклучуваат говорници и материјали кои се фокусираат првенствено на намалување на побарувачката, како што се презентации од правници и доктори, кои се однесуваат на последиците од обезбедување на комерцијални сексуални услуги. Исто така, претходно, во 2011 година, Владата презеде некои мерки за спречување на детското питачење, вклучувајќи и отстранување на децата од улиците и сместување на некои од нив во сиропиталишта. Владата, наводно, обвини и осуди неколку родители на затворска казна за принудување на своите деца да питаат. (Извештај за трговија со луѓе за 2014)

Сепак, стратегиите за борба против трговијата со луѓе мора да се насочат кон пронаоѓање на *главните причини* на трговијата со луѓе, кон преземање соодветни *мерки за идентификација на жртвите* и вклучување на сите надлежни органи и расположливи средства за *пронаоѓање на сторителите*, но и нивна добра информираност и едукација. Од суштинско значење при превенцијата и процесирањето на случаите на трговија на луѓе

е да се стави посебен акцент на поврзаноста на лицата вклучени во овој криминален синџир, кој опфаќа и директна инволвираност на службените лица од надлежните органи, особено поради високиот степен на корупција во нашата земја. (Вељаноски, 2015: 70) За таа цел Владата на Република Македонија има донесено неколку Национални стратегии за спречување на трговијата со луѓе (2006-2008, 2009-2012, 2013-2016, 2017-2020). Ваквото донесување на стратегии се изврши со цел да се подобри ефикасноста на институциите во борбата со трговијата со луѓе.

Во стратешките документи кои ги усвои Владата на Република Македонија со цел за спречување, сузбивање и превенција на трговијата со луѓе покрај националните стратегии за спречување на трговијата со луѓе спаѓаат и акциониот план за сузбивање на трговијата со луѓе и илегалната миграција и акциониот план за борба против трговија со деца.

Преку овие документи се има за цел да се поставaт насоките и приоритетите за справување со овој криминален феномен. Нивната цел е постигнување на заштита на децата во Република Македонија од илегална трговија и експлоатација и давање на приоритет на правата и интересите на детето, како и преку нив да ѝ се овозможат на Република Македонија средства и механизми за имплементација на заложбите за борба против трговија со деца и унапредување на координацијата меѓу сите институции и организации кои работат на борбата против трговијата со деца.

Несомнено, сузбивањето бара пристап на проблемот од аспект на криминалот со цел за подобрување на меѓународната соработка, посебно полициската, ефикасно обвинителство и судство, строги казни и други мерки за координирање на соработката на сите релевантни субјекти, како би се овозможило ефикасно гонење на сторителите на ова кривично дело. (Перић, 2011: 144)

## 5.5.Субјекти кои од социолошки аспект би придонеле за сузбивање на трговијата со луѓе

### 5.5.1.Медиумите

Согледувајќи ги медиумите како еден од најзначајните превентивни механизми во борбата против трговијата со деца, најважно е да се каже дека преку нивното излагање за ризиците и последиците од ова дело, се придонесува намалување на бројот на жртви, но и делуваат превентивно преку одвраќање на потенцијалните сторители да направат такво дело или пак да се избегне рецидивизмот.

Во овој контекст, медиумите мораат реално да придонесат за ресоцијализацијата на жртвата, но не смее да ја доведе истата до повторна виктимизација со објавување на нејзината приказна во јавноста. Како забелешка може да се наведе негативноста во поглед на тоа дека медиумите не ја информираат јавноста доволно во поглед на тоа кои институции се грижат за премостување на траумите кои ги имаат малолетните лица, дали им се обезбедува посебна правна и психолошка помош, или пак малолетниците лица се оставени сами на себе (и на потсмевањето и омразата од своите врсници и околината) или на грижа на нивните неинформирани родители за тоа што понатака за подобрувањето на состојбата на детето. Поради силниот меѓународен притисок за решавање на овој проблем, многу домашни медиуми, но и новинари од странство објавиле низа стории за проституцијата и трговијата со луѓе во Република Македонија. (Димовски, Тодоровска, Анастасовска Димишковска, 2010: 46)

Во овој контекст, масовните медиуми се обврзани во објективна форма да информираат за трговијата со луѓе, потенцијалните жртви на злочинот, за ризикот на нивната виктимизација, да го контролираат кривичното законодавство, како и да ја поставаат границата помеѓу дозволеното и забранетото однесување.

Меѓутоа, од праксата може да констатираме дека медиумите во Република Македонија настапуваат и пишуваат кампањски за оваа тема и за случаи најчесто кога има полициски акции во кои се откриени жртви на трговија со луѓе. Честопати може да

наидеме на пристап кој е сензационалистички, понекогаш вулгарен, циничен и исмејувачки.

### 5.5.2.Образовните институции и нивната превентивна улога

Училиштата како воспитно - образовни институции се грижат за создавање на услови и можности за индивидуален и социјален развој на учениците согласно со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, оспособувајќи ги за понатамошно образование и живот.

Образованието игра важна улога во спречувањето на трговијата со луѓе. Поради тоа, извесен број на меѓународни документи укажуваат на потребата да се изградат и имплементираат реално наставни модели и програми за средно и високо образование, со цел за соодветна едукација на студентите и учениците за прашањата поврзани со човековите права и трговијата со луѓе. Исто така е неопходно, со иста цел, да се едуцираат младите за опасностите што со себе ги носи трговијата со луѓе, за можностите за легална миграција и вработување во странство, и за високиот ризик од илегалната миграција. Многу земји со нивните национални закони за борба против трговијата со луѓе предвидуваат воведување на проблемот со трговијата со луѓе во наставните програми во училиштата на сите нивоа. (Цмиљанић, 2015: 187)

Во овој контекст, неопходно е во образовните институции да се организираат едукативни проекти на теми за превенција од трговијата со малолетници во основните и средни училишта како би се зголемила свеста за постоењето на ризиците од трговијата со малолетни лица. Имено, малолетните лица не се доволно запознаени со овој проблем и за неговите разни облици и форми во кој се појавува, па затоа преку овие проекти децата ќе научат како да ја препознаат трговијата со луѓе и каква реакција да имаат доколку се жртва или доколку забележат таков проблем кај другите деца. Голема улога играат и невладините организации кои солидно соработуваат со основните и средни училишта, креирајќи разни проекти, предавања и слично. Меѓутоа потребно е да се интензивираат тие проекти кај младите генерации во сите градови во Република Македонија.

Матурантите се една од најзначајната мета на трговците бидејќи во тој период тие имаат големи соништа за животот, како и за студирање во странство. Матурантите и воопшто учениците не се запознаени со овој феномен кое зазема се поголем замав. Не постои никаква граница на возраста за малолетните лица кои завршуваат во синџирот на трговијата со луѓе. Сепак, да напомниме дека покрај тоа што сме транзитна земја, ние сме и земја на потекло. Покрај регресивниот раст на малолетни девојки како жртви на трговија со луѓе, се јавува и пораст на машките деца како жртви. Исто така, потребно е да се засили соработката на министерството за внатрешни работи со локалната самоуправа за реализирање на проекти за превенција од трговија со малолетни лица во основните и средните училишта каде учениците ќе се поттикнат на размислување кое ќе го изразат преку нивни ликовни творби, усни дискусии, превентивни работилници и поставување прашања на предавачите. Предавачите треба да бидат претходно обучени стручни лица за комуникација со малолетни лица на оваа тема и како на наједноставен начин да се пренесат сите аспекти од ова дело. (Петровска, 2014: 44)

„Точно е дека полицијата не може да биде главен или единствен носител на воспитно - образовните активности во превенцијата на криминалитетот, но затоа има не само право, туку и должност во рамките на своите овластувања и согласно своите можности да делува на овој план. Особено се потенцира нужноста да се вклучува во воспитно - пропагандната активност на субјектите кои се грижат и се задолжени, па дури имаат решавачка улога во оваа активност, како што се воспитно - образовните институции, средствата за јавно информирање, социјалните органи и служби и други, а со основна цел што поефикасна заштита (индивидуална, групна и општествена) на луѓето, имотот и другите вредности и добра”. (Бачановиќ, 1997: 207) Оттука, неопходна е и засилена соработката на полицијата со образовните институции.

Превентивната улога на полицијата всушност треба да се огледа во следново: држење јавни трибини за запознавање со трговијата со малолетни лица, предавање во училиштата и други образовни институции, изработување на пропагандни материјали (летоци, брошури, прирачници, кратки филмови), да го направат проблемот достапен за јавноста презентирајќи го нивниот успех во сузбивањето на трговијата со малолетни лица, а тоа превентивно би се делувало на одвраќање на потенцијалните сторители на ова дело. Во развиените земји постојат т.н. криминалистичко - полициски советувалишта кои кај

нас сѐ уште ги нема. Но секако, тие добро би делувале на превентивен план на начин што ќе ги едуцираат потенцијалните жртви за нивните права и како да го препознаат овој тип на криминал. (Бачановиќ, 1997: 205)

Поради наведеното неопходно е подобрување на пристапот на децата до образовните и професионалните можности и зголемување на нивото на посетеност на училиштата, особено на девојчињата и малцинските групи, поради нивната ранливост.

### 5.5.3.Родителите и нивната превентивна улога

Родителите играат голема улога кога се работи за превенцијата за своите деца. Најчесто децата од финансиски загрозени и необразовани семејства се ударна точка на трговците со луѓе. Родителите од најраната возраст треба да им посветат големо внимание на своите деца. Исто така, потребно е да ги контролираат и подучуваат на јазик прилагоден на нивната возраст, дали тоа ќе биде преку раскажување на приказни итн. Децата треба од рана возраст да бидат запознаени и да прават разлика меѓу доброто и злото, кои работи се лоши, а кои добри. Исто така, родителите потребно е да им ги објаснат знаците за опасност и што треба во таков случај да направат. Меѓутоа има и родители кои ги занемаруваат сопствените деца или воопшто не се заинтересирани за нив, а има и такви кои не знаат како да ги заштитат и како да им го пренесат тоа што го знаат на сопствените деца. Невладините организации треба преку организирана едукација да ги едуцира родителите како да се доближат до сопствените деца и како да ги заштитат. (Петровска, 2014: 45)

Оттука, потребно е зачестување на превентивното делување во Република Македонија, и секако да ги гледаме успесите на другите земји во справувањето со овој проблем и применувањето на успешни и проверени методи, како на пример да се отворат посебни работилници во кои ќе учествуваат родителите и ќе се запознаат со ризиците по нивните деца кога одат и се враќаат од училиште. Според анализите, околу 32% од киднапирањата се случиле кога децата оделе, се враќале од училиште или извршувале некои училишни активности.

Исто така, неопходна е поддршка на родителите и нивно оспособување да ги заштитат и да водат грижа за своите деца. Тука се вклучува помошта која се дава на родителите за развивање на родителското знаење и вештини со цел да бидат во можност да им ги обезбедат на децата основните потреби за нивниот нормален раст и развој. Родителите играат важна улога во обезбедувањето дека нивното дете нема да стане жртва на трговијата со луѓе.

### 5.5.4.Невладините организации

Невладините организации веќе подолг временски период работат на спречување на трговијата со луѓе. Тие се меѓу првите актери кои ја алармираат јавноста и властите за постоењето на трговијата со луѓе, појавата на нови трендови и потребата за заштита на жртвите. Исто така, тие редовно спроведуваат превентивни и едукативни активности во училиштата и универзитетите со цел за подигање на свеста на младите за проблемот на трговија со луѓе и за намалување на ризикот од нивно вклучување во истата. Нивните активности во областа на превенцијата и едукацијата вклучуваат и производство и распространување на едукативни и превентивни материјали за пошироката јавност, професионалците и различните групи. Преку моќта на печатите и електронските медиуми невладините организации ја подигаат јавната свест за проблемот на трговија со луѓе. (Цмиљанић, 2015: 108)

Невладините организации како што споменавме потребно е преку организирана едукација да ја едуцираат јавноста и да ги едуцираат родителите како да се доближат до сопствените деца и како да ги заштитат истите. Поради тоа, во овој дел ќе издвоиме како функционира една непрофитна организација од САД која има проект за едукација на родителите за ризик - факторите на појавата на трговија со малолетни лица и како да ги заштитат сопствените деца. Еден дел од едуцирањето е како родителите на своите деца да им обезбедат безбедно одење и враќање од училиште. За тоа постојат неколку правила кои треба родителот да ги применува. Секој ден милиони деца одат по улиците и автопатите за да стигнат на училиште или се враќаат од училиште. За многу деца ова е ново искуство во животот, и можеби тие нема да можат да го разберат или да бидат способни да ги користат

безбедносните правила. Помладите деца немаат иста референта рамка за безбедноста каква што имаат возрасните. Тие можеби нема да погледнат пред да ја преминат улицата, па затоа многу е значајно семејствата да ги надгледуваат младите деца и да ги вежбаат практичните безбедносни вештини со нивните повозрасни деца за да можат да бидат сигурни дека истите ги разбираат. За децата да не бидат жртви на трговија со луѓе, треба да се работи со семејството да можат и самите да научат да ги учат своите деца како да постапат во ризични ситуации. (Tzvetkova, 2002: 60-68)

Невладиниот сектор инволвиран на ова поле е со зголемен капацитет и на дневна основа обезбедува услуги за заштита на жртвите и помош, дополнувајќи ги на тој начин владините сеопфатни напори во борбата против трговијата со луѓе.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Трговијата со луѓе претставува глобален феномен кој ги опфаќа сите пори на општеството. На овој начин човекот се изедначи со робот. Оттука, трговијата со луѓе претставува сериозен правен, економски, социјален, општествен, криминален и меѓународен глобален проблем кој преставува облик на насилство, со кој се загрозени основните човекови права и слободи, достоинството и интегритетот на човекот.

Трговијата со луѓе е едно од најголемите злосторства на нашето време и претставува кршење на човековите права само по себе. Луѓето се тргувани заради принудна работа, нелегално вработување, секс индустрија, насилни и присилни бракови, присилна проституција, итн. На општествено ниво, трговијата со луѓе се манифестира како модерна форма на ропство, бидејќи најчесто жртвата е во ропска позиција во однос на сторителот. Трговијата со луѓе е еден од најпрофитабилните форми на организиран криминал, а се верува дека по важност, поради нискиот ризик и високиот профит, се наоѓа на врвот, веднаш зад трговијата со дрога и оружје. Најчеста форма на трговија со луѓе е трговија со луѓе заради сексуална експлоатација, или заради присилна проституција. Најчесто жртви на оваа форма на трговија со луѓе се жени и деца, односно најранливите социјални групи. Последиците кои ги погодуваат жртвите на овој вид на трговија со луѓе се различити и опфаќаат психички и физички трауми, но и смрт.

Многу меѓународни и Европски организации предвидуваат ефективни мерки за борба и превенција на трговијата со луѓе и создаваат правни и етички рамки за да може да се соочи трговијата со луѓе во сите нејзини различити форми и да се пронајдат соодветни механизми за спречување и контролирање на оваа глобална закана.

Ефективното намалување на трговијата со луѓе не треба да подразбира или да биде ограничено единствено на засилена и ефикасна примена на законските новини и стандарди во инкриминацијата и прогонувањето на сторителите на делата трговија со луѓе. Ниту најсеопфатните процедурални безбедносни гаранции и мерки за заштита и помош што ги добиваат идентификуваните жртви како сведоци и оштетени во иницираните судски постапки против организаторите на овој криминал, не се доволни за да можат да го запрат процесот на регрутирањето на нови жртви. Со цел да биде ефективна, борбата со трговијата со луѓе мора истовремено да ги опфати и мерките кои се

однесуваат на корените и причините кои го поттикнуваат или олеснуваат регрутирањето на нови жртви, а во овој случај тоа е сиромаштијата на населението, особено сиромаштијата на индивидуалците и групите кои се изложени на повисок ризик, социјално исклучените, маргинализираните и невработените лица. Од друга страна, ефективната социјална превенција, треба да подразбира ефективна социјална политика на поддршка на жртвите кои, за среќа, биле спасени, и се во очекување на социјална поддршка за нивна успешна социјална реинтеграција и помош за превенција од нивна повторна т.н. ре-виктимизација.

Превенцијата е многу важна во борбата против трговијата со луѓе. Активностите што би имале превентивното значење би ја зголемиле свеста и значењето на трговијата со луѓе, а со самото тоа би настанала, барем кај одреден број на луѓе, поголема внимателност.

Оттука, борбата против трговијата со луѓе, односно со организираниот криминал бара посветеност и соработка со државите од кои се тргува и државите во кои се трафикува. Општеството треба да изгради јаки механизми за одбрана од организираниот криминал со помош на инструментите на правната држава, олицетворени во независно и непристрасно судство, јавно обвинителство и професионална и департизирана полиција и јавна администрација.

Превенцијата би требало да биде поттикната од страна на државите и државните органи преземајќи некои превентивни активности. Некои од активностите кои можат да ги опфатат државните превентивни активности би вклучиле: одржување на тркалезни маси односно трибини на кои ќе присуствуваат претставници од Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, полицијата и другите државни органи.

Мерките кои се преземаат во борбата против трговијата со луѓе треба да се движат во насока на:

- унапредување на соработката за превенција и поефикасна борба против транснационалниот организиран криминал;
- превенција и борба против трговија со луѓе особено жени и деца;
- заштита и помош на жртви на трговија со луѓе со почит на нивни човекови права;

- унапредување на соработката државите /страни заради постигнување на овие цели.
- намалување на сиромаштијата,
- развивање проекти за создавање работни места и соодветно образование и обука,
- медицинска и социјална заштита, како и
- зајакнување на демократските институции и владеење на правото како предуслови кои се суштински и кои стојат зад трговијата со луѓе.

Со цел да се постигне ефикасност во борбата и спречувањето на трговијата со луѓе нашата држава во годините пред нас мора да ги концентрира своите напори на полето на превенцијата од трговија со луѓе и на борбата против корените и причините за зголемената регрутација на потенцијалните жртви, а особено да се ориентира кон сиромаштијата на населението и сè уште доминантните родови стереотипи, особено во однос на социјално исклучените, маргинализирани и невработени лица како групи изложени на повисок ризик.

Со оглед на тоа што жртвите на трговија со луѓе најчесто се жени, неопходно е да се обезбеди дека законите против трговијата со луѓе се родово сензитивни, што значи дека жените ќе треба да учествуваат во сите фази на постапката која се однесува на трговијата со луѓе.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Андева, М. *Италија и трговијата со луѓе*, Збирка есеи на тема трговија со луѓе, Скопје: Студио - Емитер.
2. Арнаудовски, Љ., Стојановски, Т. 2002. *Трговија со луѓе - криминалитет*, Скопје: Скенпоинт.
3. Атанасов, М. 2014. *Кривичното дело Трговија со луѓе, како облик на организиран криминал во судската практика на Република Македонија*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.
4. Bassiouni, C. 2010. *Addressing International Human Trafficking in Women and Children for Commercial Sexual Exploitation in the 21st Century*, 10th Specialization Course in International Criminal Law – Human Trafficking for Commercial Sexual Exploitation, No. 3-4, Vol. 81, pp. 417-491.
5. Бачановиќ, О. 1997. *Полицијата и жртвите*, Скопје.
6. Бачановиќ, О. 2001. *Жени жртви на трговија со луѓе*, Годишник на Високата школа за безбедност, Скопје
7. Belušić, M., Doležal, D., Dvorski, I., Draganja, M. 2006. *Trgovanje ljudima*. Cockburn.
8. Bertone, A. M. 2000. *„Sexual traffi cking in women: International political economy and the politics of sex“*. Gendes Issues, 18 (1), p. 6.
9. Биљали, А. 2007. *„Меѓународните и националните аспекти на трговијата со жени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата“*, Трговија со луѓе - правни аспекти, Тетово: Универзитет на Југоисточна Европа.
10. Bošović, V. M. 2000. *„Aktuelni problem suzbivanja korupcije: prilog za izradu suprostavljanja korupciji“*, Beograd: Policijska akademija.
11. Bošović, M. 2003. *Transnacionalni organizovani kriminalitet*, Beograd: Policijska akademija.
12. България сред водещите страни по трафик на хора в Европа: https://www.dnes.bg/obshtestvo/2018/10/18/bylgariia-sred-vodeshtite-strani-po-trafik-na-hora-v-evropa.390919

13. Vargek, A., Matak, Š. 2012. *Trgovanje ljudima u svrhu seksualnog iskorištavanja – utječe li legalizacija prostitucije na smanjenje trgovanja ljudima?*, Zagreb: Pravni fakultet.
14. Василева, А. 2010. *Трафик и сексуална експлоатация на деца*, Проституция и сексуална експлоатация, София: Фондация РискМонитор.
15. Вељаноски, Н. 2015. *„Организациона структура и безбедносна функција на Царинската управа“*, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Охрид: Факултет за туризам и угостителство – Охрид.
16. Volpicelli, S. 2004. *Understanding and Counteracting Trafficking in Persons*, Rome: International Organization for Migration.
17. Vukadin, K. I., Jelenić, D. 2003 *„Trgovanje ljudima: kriminološki i kaznenopravni aspekt“*, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, Zagreb, vol. 10, broj 2, str. 665-718.
18. Вон-Ламп, К. 2009. *Прирачник за транснационален криминал и правда: Организиран криминал во Европа*, Скопје: Датапонс.
19. Galiana, G. 2000. *Trafficking in Women*, The European Parliament: Working paper.
20. Голема операција во Германија против трговците со луѓе, 2018: https://standard.mk/golema-operacija-vo-germanija-protiv-trgovcite-lugje/
21. Данаилов, В. 2001. *Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик*, Скопје: Меѓународна организација за миграциона мисија.
22. Данаилов, В. 2011. *Студија за „Меѓународната законска рамка и македонските закони за сиромаштија со посебен фокус на трговијата со луѓе*“, Скопје: Министерство за труд и социјална политика.
23. Derenčinović, D. 2010. *„Nisu na prodaju – o pravima žrtava trgovanja ljudima nakon presude Europskog suda za ljudska prava u predmetu Rantsev protiv Cipra i Rusije“*, Godišnjak Akademije pravnih znanosti Hrvatske, vol 1. br. 1, str. 58.
24. Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32012L0029&from=HR
25. Дракуловски, М. 2015. *Стратегии за борба против трговијата со жени во Југоисточна Европа и во Република Македонија,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски Факултет – Скопје.

26. Doležal, D. 2007. *Prevencija trgovanja ljudima,* Zb. Prav. fak. Sveuč. Rij., v. 28, br. 2.
27. Drescher, S. 2011. “*A History of Slavery and Antislavery*“, European Review 19 (01), pp. 131-148
28. Državni zavod za statistiku, Statistička izvješća, 1478/2012, Punoljetni počinitelji kaznenih djela, prijave, optužbe i osude, 2011., str. 114, 151: http://www.dzs.hr/
29. Državni zavod za statistiku, Statistička izvješća 1504/2013, Punoljetni počinitelji kaznenih djela, prijave, optužbe i osude, 2012, str. 143: http://www.dzs.hr/
30. Državni zavod za statistiku, Statistička izvješća 1528/2014, Punoljetni počinitelji kaznenih djela, prijave, optužbe i osude, 2013., str. 147: http://www.dzs.hr/
31. Državni zavod za statistiku, Statistička izvješća 1551/2015, Punoljetni počinitelji kaznenih djela, prijave, optužbe i osude, 2014., str. 147: http://www.dzs.hr/
32. Иванова, Е. 2011. *Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговија со малолетни лица*, Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“.
33. *„Извештај за трговија со луѓе за 2014“*, Канцеларија за набљудување и борба против трговијата со луѓе.
34. Iljkić, D. 2008. *Kaznenopravni i kriminalistički aspekti trgovanja ljudima*, Zagreb.
35. International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic, https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=VII-7&chapter=7&lang=en.
36. International Convention for the Suppression of the Traffic in Women and Children https://ec.europa.eu/anti-trafficking/legislation-and-case-law-international-legislation-united-nations/1921-international-convention_en
37. International Convention for the Suppression of Traffic in Women of Full Age, https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=VII-3&chapter=7&clang=_en
38. International Covenant on Civil & Political Rights,
39. Јаниќевиќ, Н. 2007. *Трговија со луѓе: Меѓународни документи*, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе - правни аспекти, Тетово: Универзитет на Југоисточна Европа.

40. Janie, C. 2006. *"Beyond a snapshot: Preventing human trafficking in the global economy"*. Indiana Journal of Global Legal Studies. 13 (1), pp. 137–163.
41. Камбовски, В. 2005. *Организиран Криминал*, Штип.
42. Kazneni zakon, „Narodne novine“ broj 125/11, 144/12.
43. Kelly, E. 2002. *„Journeys of Jeopardy: A Review of Research on Trafficking in Women and Children in Europe“*, No. 11, Geneva: IOM International Organization for Migration.
44. Китанов, С., Димишковска - Рајковска, Ј., Темелкоска, Т. 2014. *Анализа за примената на начелото на неказнување на жртви на трговијата со луѓе во Република Македонија*, Скопје: Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.
45. Korićanac, I. 2013. *Trgovina Ljudima: Trauma i psihoterapija, Zbornik radova,* Beograd: NVO ASTRA – Akcija protiv trgovine ljudima.
46. Лабовиќ, М., Николовски, М. 2010. *Организиран криминал и корупција*, Скопје.
47. Lalić, V. 2007. *Trgovina ljudima u Bosni i Hercegovini*, Banja Luka: Defendologija centar za bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja.
48. Mađerić, L. 2008. *Suzbijanje trgovanja ljudima*, Hrvatska pravna revija 10/08.
49. Markušić, B. 2014. *Utjecaj militarizacije, političkih procesa i globalne ekonomije na pojavu i razvoj trgovanja ljudima*, Sveučilište u Zagrebu, Zagreb: Pravni fakultet,.
50. Меѓународна Организација за Миграции (ИОМ), Мисија во Скопје, 2010. *Прирачник за рано откривање на случаеви на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти за основно ниво на полициски службеници*, Скопје.
51. Mijalković, S. 2005. *Časopis Bezbednost*, Tema: *„Vidovi i oblici trgovene ljudima*“, Beograd.
52. Милошовска, Д., Смоковска, Н. 2011. *Борба против трговија со луѓе. Прирачник,* Скопје: Здружение за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција“.
53. Министерство за внатрешни работи, *Национална стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе и непрописна миграција во Република Македонија 2013-2016*, Скопје.

54. Министерство за внатрешни работи, Март 2015. *„Трговија со луѓе во РМ, национални трендови, појавни облици и предизвици во откривање и докажување на кривичното дело“*, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Сектор за трговија со луѓе и илегална миграција, Скопје.
55. Vajda, M. M., Prtenjača, D. M., Maršavelski, A. 2016. *Nekažnjavanje žrtava trgovanja ljudima u hrvatskoj - pravni standard kao fikcija ili stvarnost*, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 53, br. 4, str. 991-1009.
56. Националната стратегија за периодот од 2013-2016 година
57. Неткова, Б., Зејнели, И. 2006, *Трговија со луѓе: правни аспекти*, Тетово: Универзитет на Југоисточна Европа.
58. Николић, Д. 2004. *Трговина људима као тешки облик криминалитета, Тешки облици криминала,* Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања и Виша школа унутрашњих послова.
59. Nikolič - Ristanovič, V. 2002. *Trgovina ženama u Srbiji i okolnim zemljama: obim, karakteristike i uzorci*, Temida, broj 1, Beograd.
60. Oatway, J. 2011. *Prevent. Combat. Protect: Human Trafficking*, UN High Commissioner for Refugees (UNHCR).
61. Obradović, V. 2016. *Trgovanje ženama i djevojkama u svrhu seksualnog iskorištavanja u BiH*, Zagreb: Policija I Sigurnost, godina 15, br. 5-6, str. 249-263.
62. Отворена Порта: http://www.lastrada.org.mk/index.php/welcome_mk/procesotna
63. Петровска, М. 2014. *Современи тенденции во спречувањето на трговијата со малолетници*, Универзитет Св. „Климент Охридски“ – Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид.
64. Перић, С. 2011. *„Пристојан рад“* – докторска дисертација, Универзитет у Нишу, Ниш: Правни факултет.
65. *Прирачник за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи*, 2002, Скопје: Здружение за еднакви можности „Еднаков пристап“.
66. Димовски, С., Тодоровска, М., Анастасовска Димишковска, С. 2010. Прирачник за новинари: *Трговијата со луѓе и медиумите*, Скопје: Отворена порта,.

67. *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children*, 15.11.2000: http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/ProtocolTraffickingInPersons.aspx.
68. Radović, N., Teofilović, N., Janković, B. *Osvrt na process realizacije trgovine ljudima.*
69. Roth, P. M. 2010. *Global Organized Crime*, Santa Barbara: ABC-CLIO.
70. Сопронов, А. 2013. *Превенирање и сузбивање на трговијата со луѓе со посебен осврт на состојбата во Република Македонија,* Докторска дисертација, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје.
71. *Сопронов,* А., Сопронов, В. 2017. *Трговија со луѓе со посебен осврт на недозволената трговија со органи во македонското и компаративното право*, Скопје: Академски печат.
72. Станојоска, А. 2011. *Процесот на создавање дефиниција на трговијата со луѓе*, Скопје: Годишник на Факултетот за безбедност.
73. Stanojoska, A., Petrevski, B. 2012. *Theory of push and pull factors: A new way of explaining the old,* Skopje: Faculty of Security.
74. Сулејманов, З. 2007. *Криминологија*, Скопје: Графос.
75. Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery, https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/supplementaryconventionabolitionofslavery.aspx
76. Slavery Convention, https://ec.europa.eu/anti-trafficking/legislation-and-case-law-international-legislation-united-nations/1926-slavery-convention_en
77. The Universal Declaration of Human Rights 1948, http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/
78. Timeline of Human Trafficking, http://www.eden.rutgers.edu/~yongpatr/425/final/timeline.htm
79. *„Trafficking in persons report“,* U.S. State Departmenta, lipnju 2012.
80. Trafficking in Persons Report, https://www.state.gov/j/tip/rls/tiprpt/index.htm
81. Tzvetkova, M. 2002. *NGO “Responses to Trafficking in Women, Gender and Development“*, Vol 10, No 1, Trafficking and Slavery, pp. 60-68.

82. United Nations Office on Drugs and Crime, 2009. *Trafficking in Persons; Analysis on Europe*, Vienna.
83. United Nations Office on Drugs and Crime, 2011. *The Role of Corruption in Trafficking in Persons*, Vienna.
84. United Nations Treaty Series Online, https://treaties.un.org/pages/AdvanceSearch.aspx?tab=UNTS&clang=_en
85. United Nations Convention against Transnational Organized Crime, https://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/intro/UNTOC.html
86. UNICEF – UNOHCHR – OSCE – ODIHR, 2002. „*Trafficking in Human Beings in Southeastern Europe – Current Situation and Responses to Trafficking in Human Beings in Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, The Federal Republic of Yugoslavia, The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Moldova, Romania*“.
87. Farmer, M. 2010. *Human trafficking, prostitution and public opinion in Hungary: Interviews with Hungarian University students*, Budapest.
88. *Human Trafficking – ten years of independent monitoring*, Bureau of the Dutch National Rapporteur.
89. Цмиљанић, Б. 2015. *Трговина људима у светлу међународног права и прописа Републике Србије*, Универзитет у Београду, Београд: Правни факултет.
90. Council Framework Decision of 19 July 2002 on combating trafficking in human beings, http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=URISERV:l33137
91. Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and the Exploitation of the Prostitution of Others, https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/trafficinpersons.aspx
92. Convention concerning the Abolition of Forced Labour International Labour Organization Convention, https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C105
93. Ćopić, S. Nikolić - Ristanović, V. 2002. *Krivično delo trgovine ljudskim bičima – međunarodni dokumenti, savremena zakonska rešenja i Krivični zakon SR Jugoslavije*.
94. http://nk.bitsia.com/mk/publikacii/nacionalni-akciski-planovi-i-strategii
95. http://www.lastrada.org.mk/index.php/welcome_mk/procesotna